Службен весник на Република Македонија

Број 88 **20 јуни 2013, четврток** **година LXIX**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

СОДРЖИНА

		Стр.
2056.	**Одлука** за давање право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на општина Крушево	**3**
2057.	**Одлука** за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во академската 2013/2014 година	**3**
2058.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Кабинет на Претседателот на Република Македонија	**3**
2059.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Кабинет на Претседателот на Република Македонија	**4**
2060.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Кабинет на Претседателот на Република Македонија	**4**
2061.	**Одлука** за изведување на вежбовна активност „Летен кампус 2013“.....	**4**
2062.	**Одлука** за утврдување на геодетски работи за посебни намени од значење за Републиката.....	**5**
2063.	**Одлука** за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања на минерална суровина -варовник на локалитетот „с. Бохула”, општина Кавадарци	**5**
2064.	**Одлука** за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за вршење на детални геолошки истражувања……..	**6**
2065.	**Одлука** за доделување средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2013 година	**6**

		Стр.
2066.	**Одлука** за доделување средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2013 година	8
2067.	**Одлука** за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2013 година	9
2068.	**Одлука** за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2013 до 2017 година	13
2069.	**Одлука** за изменување на Одлуката за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони	13
2070.	**Одлука** за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Државниот универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид во академската 2013/2014 година	13
2071.	**Решение** за изменување и дополнување на Решението за именување на раководител, членови и заменици членови на меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Македонија	14
2072.	**Правилник** за начинот за пресметување на наградата за извршената работа и надоместокот за реално потребните трошоци	14
2073.	**Правилник** за начинот на водењето на евиденцијата,како и содржината и формата на евиденцијата во установа за деца	15
2074.	**Решение** од Уставниот суд на Република Македонија У.бр.125/2012 од 22 мај 2013 година	48
2075.	**Издвоено** мислење од Уставниот суд на Република Македонија	56
2076.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	57
2077.	**Решение** за обновување на дозвола за работење на инвестиционен советник	58
2078.	**Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер	58
2079.	**Решение** за обновување на дозвола за работење на инвестиционен советник	58
2080.	**Правилник** за дополнување на Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за инвестиционо советување	58
2081.	**Правилник** за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции	59
2082.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативната здравствена заштита	61
2083.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита-амбулантски	62
2084.	**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување	62
2085.	**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство	64
2086.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информациониот систем на ФЗОМ достапни на ВЕБ порталот	64
2087.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување	64
2088.	**Правилник** за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство	65
	Огласен дел	1-120

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2056.

Врз основа на член 42, став 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.17/2011, 53/2011, 144/12 и 25/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОПШТИНА КРУШЕВО

Член 1

Со оваа одлука на општина Крушево се дава право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со вкупна површина од 5881 м2, кое претставува КП бр.1/13 КО Норово со површина од 324 м2 евидентирано во Имотен лист бр.95 и КП бр.2/29 КО Норово со површина од 5557 м2 евидентирано во Имотен лист бр.273, согласно Урбанистички план вон населено место Крушево и Македонски Брод за ски-центар „Мусица“ општина Крушево и Македонски Брод, Урбан Блок „21“ во викенд населба донесен со Одлука бр.07-593/4 од 26.7.2011 година, за изградба и одржување на улици во викенд населба за ски-центар „Мусица“.

Член 2

Правото на трајно користење на градежно земјиште од член 1 на оваа одлука се дава без надоместок.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3590/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2057.

Врз основа на член 57 став 1 алинеја 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА КОНКУРСИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДИИ ОД ТРЕТ ЦИКЛУС НА ЈАВНИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО БИТОЛА И УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ВО АКАДЕМСКАТА 2013/2014 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Конкурсот за запишување на студии од трет циклус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2013/2014 година утврден врз основа на Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 02-348 донесена на 171-та седница, одржана на 19.3.2013 година, Конкурсот за запишување на студии од трет циклус на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола во академската 2013/2014 година утврден врз основа на Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола бр. 07-518/4 донесена на 160-та седница, одржана на 17.4.2013 година и Конкурсот за запишување на студии од трет циклус на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во академската 2013/2014 година, утврден врз основа на Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, бр. 0901-239/3 донесена на 84-та седница, одржана на 25.2.2013 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-3616/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2058.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Кабинет на Претседателот на Република Македонија, бр. 07-945/3 од 28.5.2013 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-3654/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2059.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Кабинет на Претседателот на Република Македонија, бр. 07-980/2 од 28.5.2013 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-3654/2
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2060.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Кабинет на Претседателот на Република Македонија, бр. 07-903/3 од 28.5.2013 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-3654/3
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2061.

Врз основа на член 19 став 1 точка 9 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011 и 151/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНА АКТИВНОСТ „ЛЕТЕН КАМПУС 2013“

1. Вежбовната активност „Летен кампус 2013“ ќе се одржи во Центарот за обука „Пепелиште на военото полигон „Криволак“ во Република Македонија во периодот од 11.6.2013 до 22.6.2013 година, со цел овозможување на питомците да се запознаат и да ги усвојат теоретските и практичните знаења за функциите и спроведување на менаџментот со одбранбените ресурси во демократските општества, како и да се запознаат со предизвиците со кои можат да се соочат во идни меѓународни пост конфликтни воени операции во кои ќе учествуваат.

2. На вежбовната активност ќе учествуваат питомци од Воената Академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, претставници од Институтот за одбрана на Армијата на Република Македонија, како и припадници на воените академии, односно соодветни образовни институции од Република Бугарија, Република Косово, Црна Гора, Обединетото Кралство, Република Турција, Соединетите Американски Држави и Република Франција.

3. Финансиските трошоци за реализација на вежбовната активност, ќе ги обезбеди Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-3750/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2062.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013) и член 8, став 2, алинеја 5 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија бр.55/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА

Член 1

Со оваа одлука како геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија, се утврдуваат геодетските работи поврзани со премер и изработка на геодетски елаборати за да се запише имотот стекнат во сопственост на Република Македонија – Министерство за финансии во стечајни и извршни постапки и тоа:

- дел од голема управна зграда-сутерен во површина од 195м2 во Битола.

- функционална целина од „Управа“, „Краварска фарма и полјоделство Ерековци“, „Овчарска фарма“, „Лозароовоштарство“ и „Полјоделство Лагово и Канатларци.

- идеален дел од 137 м2 деловен простор во Стоковна ќука „Јавор“ на ул. Иван Милутиновиќ бр.52, Битола.

- овчарник со капацитет за 1.500 овци, награден на КП бр.309, КП бр.313 м.в. „Полиќ“ пасиште, КП бр.314 на исто место нива, КП бр.315, нива КП бр.318 во исто место пасиште, с.Витолиште.

- фарма со нето корисна површина од 140 м2, ќука за овчари со нето корисна површина од 72 м2, Крушево.

- магацин во с. Калуѓерица.

- магацин во с. Ракитец.

- монтажна барака лоцирана на ул. 22 Октомври бб во Радовиш.

- дел од управна зграда 124 м2 во Прилеп.

- дел од управна зграда 33 м2 во Прилеп.

- деловна просторија 19, во површина од 35 м2 во Прилеп.

- деловна просторија 20, во површина од 35 м2 во Прилеп.

- деловна просторија 21, во површина од 36 м2 во Прилеп.

- 1/3 од деловна просторија 18 во сосопственост со општина Прилеп.

- деловен простор на ул.„Илинден“ бб во површина од 99 м2 – Кичево.

- нива во површина од 221 м2 во КО Вејце.

- ќуќа во површина од 60 м2 со дворно место од 6 м2 во КО Вејце.

- деловен објект во колективна станбена зграда во Охрид на ул.Галичица бр.45 со површина од 174.90 м2.

- работнички ресторан во кругот на фабриката „Киро Фетак“ АД, Куманово.

- магацин пренаменет во производна хала во површина од 1191 м2 - Штип.

- административен дел во површина од 446м2 - Штип.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-3862/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2063.

Врз основа на член 15 став (4) од Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/2012 и 25/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДБИВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА -ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С. БОХУЛА”, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

1. Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на лока-

литетот „с.Бохула“, општина Кавадарци, се одбива, со оглед дека е добиено негативно мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина, поради тоа што просторот на потенцијалното наоѓалиште зафаќа дел од предложеното подрачје за заштита како споменик на природата „Дошница” и од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поради тоа што на локалитетот има високостеблени шуми.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-3890/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2064.

Врз основа на член 15 став (4) од Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија” бр.136/2012 и 25/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДБИВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Иницијативата за започнување на постапка за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Осоје“, општина Другово, поднесена од Друштвото за производство, транспорт, трговија и услуги „ПРОКСИМА - ИНЖИЊЕРИНГ” увоз - извоз ДОО - Кичево со број 24-7839/1 од 4.10.2011 година се одбива, со оглед дека е добиено негативно мислење од општина Другово поради тоа што локалитетот го тангира регионалниот пат Р-406 Кичево -Демир Хисар и патот што води до манастирот „Св.Пречиста Богородица”, а според податоците од Агенцијата за катастар на недвижности м.в. „Осоје” е во сопственост на Дебарско - Кичевската Епархија.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-3891/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2065.

Врз основа на член 42 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА СЕЛАТА ВО 2013 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2013 година во вкупен износ од 7.422.866,20 обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2013 година, раздел 19101 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој во износ од 3.958.566,20 и во раздел 280.01 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој во 2013 година во износ од 3.464.300,00 денари, наведени во Листата на проекти за развој на селата во 2013 година која е дадена во Прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Доколку се утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, единиците на локалната самоуправа потребно е истите да ги вратат во Буџетот на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-3911/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

Листа за финансирање на проекти за развој на селата во 2013 година

Скопски плански регион

Ред. Бр.	Име на проектот	Општина-корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Фекална канализација за с. Батинци	Студеничани	1,018,017.04

Југоисточен плански регион

Ред. Бр.	Име на проектот	Општина-корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Изградба на резервоар за водоснабдување во н.м. Раборци	Струмица	804,642.04
2	Улична канализација за фекални отпадни води за с. Дедино	Конче	213,375.00
	Вкупно		1,018,017.04

Источен плански регион

Ред. Бр.	Име на проектот	Општина-корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Довршување на фекална канализација крак 1 во с. Нивичани	Кочани	213,375.00
2	Изградба на колско-пешачка улица во с. Облешево Улица1	Чешиново-Облешево	804,642.04
	Вкупно		1,018,017.04

Пелагониски плански регион

Ред. Бр.	Име на проектот	Општина-корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Водопоило во с.Арматуш	Новаци	1,018,017.04

Полошки плански регион

Ред. Бр.	Име на проектот	Општина-корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Изработка на техничка документација за с. Милетино	Брвеница	921,000.00

Југозападен плански регион

Ред. Бр.	Име на проектот	Општина-корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Изградба на резервоар за вода во с.Татеши	Струга	490,000.00
2	Фекална канализациона мрежа во с. Половјани	Кичево	528,017.04
	Вкупно		1,018,017.04

Вардарски плански регион

Ред. Бр.	Име на проектот	Општина-корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Доизградба на канализациона мрежа за с.Каратманово	Лозово	393,764.00

Североисточен плански регион и

Ред. Бр.	Име на проектот	Општина-корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Асфалтирање на локален пат с. Градец локација Училиште-испосница на Св Јоаким Осоговски во должина од 350м.	Крива Паланка	213,375.00
2	Изградба на фекална канализација за с. Отља	Липково	714,642.04
3	Подготовка на техничка документација - основен проект за локален пат во с. Љубинци (М2-Крива Река)	Ранковце	90,000.00
	Вкупно		1,018,017.04
	Вкупно средства за финансирање на проекти за развој на селата		7.422.866,20

2066.

Врз основа на член 42 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Маке-донија" бр.63/2007), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ ВО 2013 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични раз-војни потреби за 2013 година во вкупен износ од 14.845.732,40 денари, обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2013 година, во раздел 19101 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој во износ од 7.917.132,40 денари и во раздел 280.01 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој во износ од 6.928.600,00 денари, наведени во Листата на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби за 2013 година која е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Доколку се утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, единиците на локалната самоуправа потребно е истите да ги вратат во Буџетот на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-3912/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

Листа за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2013 година

Ред. Бр.	Име на проектот	Општина-корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Систем за водоснабдување за с. Средно Коњари	Петровец	2,734,722.00
2	Мост на Новомаалска река	Василево	676,839.00
3	Пробивање и тампонирање на патот од регионалниот пат до Габровски водопади	Струмица	1,488,297.00
4	Локален пат од Шуто Оризари до мост Кучевичка река	Чучер-Сандево	261,661.00
5	Адмиран бетонски мост на голема река МВ Старо школо с.Полаки	Кочани	202,332.00
6	Водопоило во с. Бач	Новаци	436,825.00
7	Систем за подобрување на водоснабдување за с.Бојаниште,Куманичево,Конопиште,Страгово, Д.Бошава и Крњево	Кавадарци	1,693,457.00
8	Реконструкиција на локален пат во с.Конопница во должина од 1 км	Крива Паланка	866,000.00
9	Уредување на речно корито на јазот во н.м Камењане	Боговиње	900,000.00
10	Проширување и реконструкција на водоснабдителен систем за с.Доброште	Теарце	3,418,647.40
11	Изградба на фекална канализација во с.Слупчане	Липково	734,220.00
12	Канализациона мрежа за отпадни води за с.Морани	Студеничани	452,935.00
13	Изградба на нов резервоар за водоснабдување на с.Калиште	Врапчиште	458,254.00
14	Изведба на локален пат во н.м Зајас Челиковци	Кичево	521,543.00
	Вкупно средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби		14,845,732.40

2067.

Врз основа на член 42 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ ВО 2013 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2013 година во вкупен износ од 51.960.063,40 денари, обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2013 година, во раздел 19101 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој во износ од 27.709.963,40 денари и во раздел 280.01 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој во износ од 24.250.100,00 денари, наведени во листата на проекти за развој на планските региони за 2013 година која е дадена во Прилог и составен дел на оваа одлука.

Член 2

Доколку се утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, центрите за развој на планските региони, потребно е истите да ги вратат во Буџетот на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-3913/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

Листа за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2013 год.

Скопски плански регион

Ред. бр	Име на проектот	Корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Изработка на физибилити студија за заштита и превенција на подземните води во микрорегионот Општина Гази Баба, Илинден, Петровец, Арачиново и Зелениково	Центар за развој на скопскиот плански регион	1,000,000.00
2	Техничка документација за реконструкција и проширување на локален пат кај Патишка река	Центар за развој на скопскиот плански регион	622,000.00
3	Поддршка на ЕЛС за подобрување на енергетската ефикасност преку изработка на програми и акциони планови за енергетска ефикасност	Центар за развој на скопскиот плански регион	629,500.00
4	Чистење на коритото на р. Серава (Физибилити студија)	Центар за развој на скопскиот плански регион	509,000.00
5	Физибилити Студија за изградба на индустриска зона околу обиколницата	Центар за развој на скопскиот плански регион	300,000.00
	Вкупно средства		3,460,500.00

Југоисточен плански регион

Ред. бр.	Име на проектот	Корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	„Пољурци - Амфитеатар"	Центар за развој на југоисточниот плански регион	1,999,531.68
2	Регионален бизнис центар	Центар за развој на југоисточниот плански регион	1,291,877.00
3	Уредување на просторот околу манастирските локалитети на „Св. Ѓорѓи" во с. Ораовица и „Св. Спас" во с. Конче	Центар за развој на југоисточниот плански регион	2,583,755.00
	Вкупно средства		5,875,163.68

Источен плански регион

Ред. бр.	Име на проектот	Корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Ревитализација на р. Брегалница - третман на отпадни води с. Чифлик	Центар за развој на источниот плански регион	5,000,000.00
2	Продолжување на изградба на колектор за отпадни води за град Делчево од десна страна на р. Брегалница од Делчево-сервиска зона Долни бавчи - 1 фаза	Центар за развој на источниот плански регион	981,022.49
	Вкупно средства		5,981,022.49

Пелагониски плански регион

Ред. бр.	Име на проектот	Корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Подобрување на сообраќајната поврзаност помеѓу општините Новаци, Битола и Могила	Центар за развој на пелагониискиот плански регион	700,000.00
2	Изградба на регионална мото-крос патека	Центар за развој на пелагониискиот плански регион	1,000,000.00
3	Изработка на проект за инфраструктура -цевковод за водоснабдување на индустриска зона Петилеп-општина Могила од градски водовод на општина Битола	Центар за развој на пелагониискиот плански регион	400,000.00
4	Прва фаза: Изградба на јавен паркинг за сточен пазар во општина Кривогаштани (за потребите на Кривогаштани, Долнени, Прилеп, Крушево, Демир Хисар).	Центар за развој на пелагониискиот плански регион	410,738.21

5	Адаптација на објект од историско и културно значење во Пелагонискиот регион - Спомен - простор на Петре М. Андреевски	Центар за развој на пелагонискиот плански регион	399,096.89
6	Имплементација на на законската регулатива за категоризација на туристичко-угостителски објекти во Пелагонискиот регион	Центар за развој на пелагонискиот плански регион	1,200,000.00
7	Втора фаза. Партерно уредување на регионален природен извор во н.м. Дебреште - општина Долнени	Центар за развој на пелагонискиот плански регион	600,000.00
8	Патокази кон подпелистерските села за унапредување и промоција на туристичките потенциали на општините Битола и Ресен	Центар за развој на пелагонискиот плански регион	1,188,763.60
9	Проект за хортикултурно уредување на црквата "Св. Ѓорѓи" во село Курбиново, општина Ресен	Центар за развој на пелагонискиот плански регион	400,000.00
	Вкупно средства		6,298,598.90

Полошки плански регион

Ред. бр.	Име на проектот	Корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Изградба на тротоари во с. Доброште	Центар за развој на полошкиот плански регион	373,670.00
2	Изградба на локален пат с.Теново	Центар за развој на полошкиот плански регион	1,702,487.60
3	Секундарна мрежа за водоснабдување до приклучокот за н.м Стримница - општина Желино	Центар за развој на полошкиот плански регион	2,750,038.00
4	Изработка на урбанистички план за село Галате	Центар за развој на полошкиот плански регион	1,129,710.00
5	Изработка на урбанистички план за село-с.Копанце, општина Јегуновце	Центар за развој на полошкиот плански регион	331,100.00
6	За надворешна фекална канализација за стамбена улица 174 нас. Мала Речица - Тетово	Центар за развој на полошкиот плански регион	699,675.54
	Вкупно средства		6,986,681.14

Југозападен плански регион

Ред. бр.	Име на проектот	Корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Студија за примена на алтернативни извори на енергија во Југозападниот плански регион	Центар за развој на југозападниот плански регион	1,333,400.00
2	Изработка на студија за туристичките потенциали во Југозападниот регион	Центар за развој на југозападниот плански регион	1,763,060.00
3	Брендирање на типични млечни производи од Дебарскиот микро регион	Центар за развој на југозападниот плански регион	215,120.00
4	Мапирање на значајните природни и културни локалитети во Југозападниот плански регион	Центар за развој на југозападниот плански регион	709,510.54
5	Физибилити студија за третирање отпадни води што се влеваат во река Црн Дрим од Струга до Дебар	Центар за развој на југозападниот плански регион	1,300,000.00
6	Селектирање отпад и набавка на опрема (балирки и преси) во Југозападен плански регион	Центар за развој на југозападниот плански регион	1,168,500.00
7	Печатење мапа на ЈЗПР со значајните природни и културни знаменитости	Центар за развој на југозападниот плански регион	550,000.00
	Вкупно средства		7,039,610.54

Вардарски плански регион

Ред. бр.	Име на проектот	Корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Модернизација на предучилишното образование во општините од ВПР со програми за правилен психофизички развој	Центар за развој на вардарскиот плански регион	2,594,460.00
2	Зајакнување на капацитетите за регионално управување со отпад и формирање на регионална мрежа за интегрирано управување со отпад	Центар за развој на вардарскиот плански регион	3,610,440.00

3	Поддршка за формирање на регионална мрежа за маркетинг и промоција на туризмот (РММП) во ВПР и креирање на туристички WEB портал и календар на настани	Центар за развој на вардарскиот плански регион	956.800.00
	Вкупно средства		7.161.700.00

Североисточен плански регион

Ред. бр.	Име на проектот	Корисник на средствата	Одобрени средства во денари
1	Изработка на главен проект со сите фази врз основ на архитектонски-урбанистичко решение за зграда на локална самоуправа во општина Куманово	Центар за развој на североисточниот плански регион	2,742.170.64
2	Изградба на дел од фекална канализација во село Слупчане, општина Липково	Центар за развој на североисточниот плански регион	1.110.003.00
3	Создавање на услови за рурален развој, развој на туризмот и мобилноста во регионот преку изработка на техничка документација за патна инфраструктура	Центар за развој на североисточниот плански регион	3,992.516.00
4	Изработка на Студија за СКИ-Центар Калин Камен со идејно решение, општина Крива Паланка	Центар за развој на североисточниот плански регион	1,312.097.00
	Вкупно средства		9,156,786.64

Вкупно средства за финансирање на проекти за развој на планските региони - 51,960,063.40 денари

2068.

Врз основа на член 30 став (4) од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА РАЗВИЕНОСТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2013 ДО 2017 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува класификација на планските региони во Република Македонија според степенот на развиеноста за периодот од 2013 до 2017 година.

Член 2

Класификацијата на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2013 до 2017 година е следна:

Индексот на Република Македонија = 100

Плански регион	Развоен индекс во однос на просекот на Република Македонија	Економско социјален индекс	Демографски индекс
Скопски	151,0	147,7	153,5
Југоисточен	97,1	129,5	72,4
Источен	96,1	136,4	65,5
Пелагониски	91,2	109,1	79,6
Полошки	82,4	50,0	106,9
Југозападен	81,4	97,7	69,0
Вардарски	73,5	70,5	75,9
Североисточен	62,7	27,3	89,7

Член 3

Учеството на планските региони во распределбата на средствата за финансирање на проекти за развој на планските региони во периодот од 2013 до 2017 година, согласно извршената класификација во член 2 на оваа одлука, е следно:

Плански регион	Учество во распределбата на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој (во %)
Скопски	7,2
Југоисточен	11,1
Источен	11,3
Пелагониски	11,9
Полошки	13,2
Југозападен	13,3
Вардарски	14,7
Североисточен	17,3

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-3914/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2069.

Врз основа на член 30 став (3) од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/2007), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИ КРИТЕРИУМИ И ИНДИКАТОРИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА РАЗВИЕНОСТ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ

Член 1

Во Одлуката за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 162/2008), во член 2 точка 2 алинејата 3 се менува и гласи: „Раст на вкупната додадена вредност".

Во точка 3 во алинејата 4 заградата со броевите “(25-64)" се бришат.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-3915/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2070.

Врз основа на член 57 став 1 алинеја 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.6.2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА КОНКУРСИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС НА ЈАВНИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО БИТОЛА, ДРЖАВНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО, УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП И УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ВО ОХРИД ВО АКАДЕМСКАТА 2013/2014 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Конкурсот за запишување на студии од втор циклус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2013/2014 година утврден врз основа на Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 02-348 донесена на 171-та седница, одржана на 19.3.2013 година, Конкурсот за запишување на студии од втор циклус на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола во академската 2013/2014 година утврден врз основа на Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола бр. 07-518/3 донесена на 160-та

седница, одржана на 17.4.2013 година, Конкурсот за запишување на студии од втор циклус на Државниот универзитет во Тетово во академската 2013/2014 година утврден врз основа на Одлуката на Ректорската управа на Државниот универзитет во Тетово бр. 02-1065/1 донесена на седницата, одржана на 21.2.2013 година, Конкурсот за запишување на студии од втор циклус на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во академската 2013/2014 година, утврден врз основа на Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, бр. 0901-239/2 донесена на 84-та седница, одржана на 25.2.2013 година и Конкурсот за запишување на студии од втор циклус на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид во академската 2013/2014 година, утврден врз основа на Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, бр. 02-507/5 донесена на 17-та седница, одржана на 23.4.2013 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4052/1
16 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2071.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11 и 15/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.6.2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА РАКОВОДИТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ НА МЕЃУРЕСОРСКА ГРУПА ЗА КРЕИРАЊЕ НА МИГРАЦИОНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Решението за именување на раководител, членови и заменици членови на меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/08 и 58/13) во точката 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „а за заменик раководител се именува Дејан Герасимовски – претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија. “

2. Во точка 2 во алинејата 5 зборовите „Стојан Трајанов, од Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Јованчо Аспровски, од Министерство за внатрешни работи“.

Во алинејата 10 зборовите „Благица Новковска, од Државен завод за статистика“ се заменуваат со зборовите „Весна Лукановска, од Министерство за внатрешни работи“.

Во алинејата 11 зборовите „Линдита Ќазими“ се заменуваат со зборовите, „Наташа Јаневска“.

По алинејата 13 се додава нова алинеја 14, која гласи:

-„Виолета Крстева, од Државен завод за статистика“.

Во точка 3 во алинејата 1 зборовите „ Венко Јошевски“ се заменуваат со зборовите „Алберто Гучев“.

Во алинејата 4 зборовите „Наце Стојковски“ се заменуваат со зборовите „Филип Ѓоршев“.

Во алинејата 11 зборовите „Славка Атанасова“ се заменуваат со зборовите „Дијана Крстевска“.

Во алинејата 12 зборовите „Драган Ристовски, од Министерство за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите „Драган Ристовски, од Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги“.

Во алинејата 13 зборовите „Ѕвездана Тортевска“ се заменуваат со зборовите „Анастасија Трајковска“ .

3. Точката 4 се менува и гласи:

„4. Во работата на Меѓуресорската група може да земат учество и други претставници од ИОМ – Меѓународна организација за миграции, од Канцеларијата на УНФПА – Фонд за население на Обединети нации во Македонија како и од ИЦМПД – Меѓународен центар за развој на миграционата политика. “

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-4195/1
11 јуни 2013 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

2072.

Врз основа на член 31 став (4) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија” бр.115/10, 158/11, 185/11 и 64/12), министерот за економија донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА НАГРАДАТА ЗА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА И НАДОМЕСТОКОТ ЗА РЕАЛНО ПОТРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за пресметување на наградата за извршената работа и надоместокот за реално потребните трошоци за следните области на процена и тоа:

- трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица;
- подвижни предмети;
- машини и опрема и
- индустриска сопственост.

Член 2

Вредност на предметот на процена која прелиминарно се користи за формирање на висината на наградата за процена претставува книговодствената вредност или прелиминарно утврдена вредност врз основа на пазарно споредливи еквиваленти.

Член 3

Вкупниот износ на наградата може да изнесува најмногу до 10% од вредноста на предметот што се проценува.

Наградата на извршената процена по основ на вредноста на предметот што се проценува се определува на следниот начин и тоа:

Проектирана вредност на предметот на процена во денари	Износ на награда во денари
- до 300.000	до 6.000
- од 300.001 до 600.000	6001-18.000
-од 600.001 до 1.200.000	18.001-36.000
- од 1.200.001 до 3.000.000	36.001-90.000
-од 3.000.001 до 6.000.000	90.001 - 120.000
-од6.000.001 до 18.000.000	120.001 – 240.000
-од 18.000.001 до 30.000.000	240.001-360.000
-од 30.000.001 до 60.000.000	360.001 - 550.000
-од 60.000.001 до 180.000.000	550.001-950.000
-од 180.000.001 до 300.000.000	950.001- 1.200.000
Над 300.000.000	Не повеќе од 10% од вредноста

Член 4

Сложеноста на предметот на процена се определува врз основа на следните фактори и тоа: примената на методи на процена, времето потребно за собирање на податоци и информации и изработка и извештај за извршената процена.

Примена на методот на процена е фактор кој се определува со договор помеѓу нарачателот и овластениот проценувач како методи на процена и тоа:

- со примена на методот на пазарно споредливи еквиваленти износот на наградата од член 3 на овој правилник се зголемува до 5%;
- со примена на статички метод износот на наградата од член 3 на овој правилник се зголемува до 15 %;
- со примена на динамички метод износот на наградата од член 3 на овој правилник се зголемува до 20 % и
- со примена на две или повеќе методи од алинеи 1, 2 и 3 на овој став износот на наградата од член 3 на овој правилник се зголемува до 30 %.

Време потребно за прибирање на податоците и информациите е фактор кој се определува врз основа на податоците и документацијата која ја поседува нарачателот за предметот на процена, како и достапноста на податоците потребни за вршење на процената, со чија примена износот на наградата од член 3 на овој правилник се зголемува од 5% до 10%. Овој фактор се изразува во број на часови или работни денови (еден работен ден изнесува осум часа), а може да се користи и како број на дополнителни проценители кои е потребно да се ангажираат за да се спроведе процената во разумен рок.

Изработка на извештај за процената е фактор кој се определува врз основа на времето кое е потребно да се интегрираат сите податоци кои се добиени од нарачателот или од спроведеното истражување, изготвување на анализа и формирање на вредноста на процената, со чија примена може да се додадат дополнителни 5% на наградата од член 3 на овој правилник. Овој фактор се изразува во број на часови или работни денови (еден работен ден изнесува осум часа).

Член 5

Факторите на сложеност од член 4 на овој правилник се пресметуваат во наградата од член 3 на овој правилник.

Вкупниот износ на наградата се формира така што наградата определена во член 3 од овој правилник, се зголемува за применетите фактори на сложеност од член 4 на овој правилник, при што вкупните зголемувања не можат да бидат повеќе од 30% од износот на наградата определена во член 3 на овој правилник.

Член 6

Материјалните трошоци за вршење на процената се пресметуваат врз основа на реално направените трошоци во висина до 9.000 денари.

Реално направените трошоци од став 1 на овој член, за кои проценувачот треба да приложи соодветни докази се следните:

- патни трошоци направени надвор од седиштето на проценувачот и
- трошоци за ноќевање направени надвор од седиштето на проценувачот.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-768/5
12 јуни 2013 година
Скопје

Министер
за економија,
Ваљон Сараќини, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

2073.

Врз основа на член 195 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13) министерот за труд и социјална политика, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИЈАТА, КАКО И СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ВО УСТАНОВА ЗА ДЕЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водењето на евиденцијата како и содржината и формата на евиденцијата во установата за деца.

Член 2

Евиденцијата која се води во установите за деца – детските градинки и центрите за ран детски развој содржи податоци за: деца, групи, занимални, извршители (неговател – воспитувач), присутност на децата, програми и проекти, национална припадност, социјална структура, капацитетот на установата за деца, бројот на опфатени децата во установата за деца и објекти во состав на установата за деца, бројот на вработени според работно место, степен на образование и национална припадност и висина на надоместокот на трошоците за престој во установа за деца што паѓа на товар на родителот, дневно требување на прехрамбени продукти на кујна /централна кујна од магацинот на установата за деца.

Член 3

(1) Евиденцијата за број на групи, деца, занимални и извршители (неговател – воспитувач) во хомогени групи по објекти се води на образец - Преглед за бројот на групи, опфатени деца, занимални и извршители во хомогени групи по објекти за деца до две години, даден во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник и содржи:

- назив на установа за деца и име на општината;
- наслов на прегледот;
- реден број;
- назив на објект, податоци за бројот на групи, опфатени деца, занимални извршители (негователка – воспитувач) распоредени по возраста на децата (до 12 месеци, над 12 месеци до 18 месеци, над 18 месеци до две години) и вкупно групи, деца, занимални и извршители (негователка –воспитувач);
- напомена;
- потпис на лицето кое ја води евиденцијата односно изработува прегледот;
- датум и
- печат и потпис на директорот на установата за деца.

(2) Евиденцијата за број на групи, деца, занимални и извршители (неговател – воспитувач) во хомогени групи по објекти се води на образец - Преглед за бројот на групи, опфатени деца, занимални и извршители во хомогени групи по објекти за деца над две години, даден во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник и содржи:

- назив на установа за деца и име на општината;
- наслов на прегледот;
- реден број;
Член 13 од Правилата, според кој на управителот на станбената зграда му се доделувале должности да ги пријавува потрошувачите кои нелегално користат топлинска енергија и да составува некакви записници и дава некакви писмени согласности врз основа на кои снабдувачот ќе правел некакви „промени“, бил во спротивност со член 19 од Законот за домување, каде вакви надлежности не постоеле, член 3 од Законот за кривичната постапка, член 6 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, член 10 и член 11 од Универзалната декларација за правата на човекот и член 14 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.

Со член 53 став 1 и став 2 од Правилата се ограничувале слободата и правата на човекот и граѓанинот, со подзаконски акт и тоа на дискриминирачки начин, што не било во согласност со Одлуката на Уставниот суд, У.бр. 148/2008, член 8 став 1 алинеите 3 и 11, член 9, член 51 став 1 и член 54 став 1 и став 3 од Уставот, член 1 од Протокол 12 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, Преамбулата и членовите 1, 2 и 29 од Универзалната декларација за правата на човекот и член 26 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Со оглед дека во ставот 2 било предвидено „задолжување“ односно плаќање без да постои облигационен однос, тоа не било во согласност со член 8 став 1 и член 38 од Законот за облигационите односи, член 8 став 1 алинеја 3 и член 55 од Уставот.

Член 66 во ставовите 1 и 2 од Правилата, претставувале диктат, во кој се наложувало на потрошувачите кои се исклучиле од системот за затоплување до 01.10.2012 година, повторно да се приклучат или да плаќаат надомест за некакви фиксни трошоци. Ваквиот диктат немал правен основ, со него се вршела дискриминација, се мешал во приватниот живот на граѓаните и се ограничувала нивната правна положба самостојно да одлучуваат на кој начин ќе ги затоплуваат своите домови.

- дискриминацијата не била во согласност со член 8 став 1 алинеите 3 и 11, член 9, член 51 став 1 и член 54 став 1 и став 3 од Уставот, член 1 од Протокол 12 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, Преамбулата и членовите 1, 2 и 29 од Универзалната декларација за правата на човекот и член 26 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права;

- мешањето во приватниот живот на граѓаните не било во согласност со член 25 и член 26 од Уставот, член 8 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, член 12 и член 17 став 1 од Универзалната декларација за правата на човекот и член 17 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права;

- ограничувањето на правната положба на граѓаните самостојно да одлучуваат на кој начин ќе ги затоплуваат своите домови не било во согласност со 55 од Уставот, член 6 од Универзалната декларација за правата на човекот и член 16 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.

4.2. Според иницијативата на Либерално демократската партија, со член 13 став 3 од Правилата се овозможувало снабдувачот да може по своја слободна проценка да оцени дали има промена на статусот на потрошувачот, што значело дека снабдувачот можел сам субјективно да одлучува дали е приклучен неовластено потрошувачот, без да изврши било каква проверка. Овој член, спротивно на Уставот, ја штител монополската положба на единствениот снабдувач на топлинска енергија Топлификација АД.

Со член 18 од Правилата се предвидувало дека потрошувачите биле должни да плаќаат надомест и за делови од станбени згради кои воопшто не се затоплувале (скали, ходници, подруми, тавани и кој знае што се не, бидејќи во овој член немало формулација за тоа што се подразбира под „ и др.“), што овозможувало монополско и самоволно однесување и заштита на единствениот снабдувач на топлинска енергија Топлификација АД спротивно на Уставот.

Со членовите 53 и 54 од Правилата, со кои се предвидувале услови за исклучување на потрошувачите од колективните станбени објекти, по нивно барање, а по претходно добиена согласност од вкупниот број на потрошувачи, односно од сите потрошувачи, што практично било невозможно особено за големи станбени објекти, со што, спротивно на Уставот, се штитела монополската положба на снабдувачот Топлификација АД.

Понатаму, со членот 53 од Правилата се предвидувало дека и исклучените потрошувачи се задолжуваат со плаќање на надоместокот за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија кој се определувал согласно тарифниот систем за топлинска енергија, со која одредба се овозможувало монополскиот снабдувач да наплаќа и за услуги кои воопшто не ги испорачува, што исто така било во спротивност со Уставот. Покрај тоа, овој член овозможувал и ретроактивна примена, што исто така било во спротивност со Уставот. Понатаму, подносителот на иницијативата укажува дека Уставниот суд пред неколку години, веќе укинал повеќе одредби од неколку акти кои предвидувале да се наплатува и за неиспорачана топлинска енергија, односно и за потрошувачи кои се исклучени од системот на снабдување со топлинска енергија, што значи се работело за веќе еднаш пресудена работа. Понатаму, овој член овозможувал неодговорно и монополско однесување на Топлификација АД Скопје и наплата на топлинска енергија во паушал и за оние потрошувачи во чии станбени објекти воопшто и не поминувала никаква инсталација поврзана со испорака на парно греење, со што со овој член дополнително се овозможувало и дури поттикнувало монополско однесување и монополска положба. Притоа, во овој член воопшто и не се споменувала обврската за снабдувачот, да се воведе систем за мерење по грејно тело, со што би се овозможила реална и стварана наплата за испорачана топлинска енергија, како што било во сите земји на Европската унија, каде заштитата на потрошувачите, а особено од монополското однесување, била една од темелните вредности на правниот поредок на Унијата.

Поради наведеното, оспорените членови 13, 18, 53 и 54 од Правилата биле спротивни на Законот за облигационите односи и член 8 став 1 алинеите 3 и 7, член 52 став 4 и член 55 ставовите 1 и 2 од Уставот, поради што се бара Уставниот суд да ги укине.

Исто така, со оглед дека постоеле услови за нанесување на ненадоместливи штети за граѓаните, се бара Уставниот суд да донесе решение за времена мерка за запирање на примената на оспорените одредби од Правилата, до донесување на конечна одлука по иницијативата.

4.3. Според иницијативата на Петар Баришиќ, со член 55 став 1 од Правилата се овластувал снабдувачот на пристап на секој имот заради исклучување на испораката на топлинска енергија, што недвосмислено значело повреда на домот, бидејќи затоплувањето се врши на домаќинства, која присила можела да се дозволи само со судска одлука. Поради тоа, оваа одреба од Правилата била во колизија со член 26 од Уставот.

Член 66 од Правилата пропишувал присила за склучување на договори и приклучување на дистрибутивниот систем на оние лица кои се исклучиле од системот пред влегување во сила на овие правила, па доколку тоа не го сторат им се заканувало со обврска за плаќање на надоместок на снабдувачот. Вака пропишаните правила не можело да бидат поповолни за граѓаните, бидејќи граѓаните мора да плаќаат нешто што не го користат. Поради тоа, постоела повреда на член 52 став 4 од Уставот. Задолжително пропишаниот надоместок не можел да се смета како јавна давачка за да се намират јавни расходи, туку пропишаниот надоместок претставувал приход на приватно трговско друштво.

Според подносителот на иницијативата, во конкретниот случај не можело да се пропише било каква присила ретроактивно во корист на приватно трговско друштво, туку на граѓаните морало да им се остави право на слободен избор. Не можело пропишаната температура за време на затоплување во становите од +20 степени целзиусови да се смета како квалитетно затоплување.

Поради наведеното, се предлага Уставниот суд да покрене постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 55 став 1 и член 66 од Правилата и да ги поништи, а воедно предлага Судот да донесе привремена мерка со забрана за примена на тие одредби до донесување на конечна одлука. Доколку не се донесе таква мерка, граѓаните ќе се доведеле во неповолна положба поради пропишаните преклузивни рокови.

4.4. Според иницијативата на подносителот Стамен Филипов, со член 13 од Правилата се пропишувале надлежности за управителот на станбената зграда, иако надлежностите на управителот можеле да се пропишуваат само со Законот за домување или со друг закон, а не и со оспорените правила. Содржината на Правилата била пропишана со член 28 став 2 од Законот за енергетика, од каде произлегувало дека тука не биле опфатени надлежностите на управителот на станбената зграда.

Член 53 став 1 од Правилата значела дека оној кој сака да се исклучи од дистрибутивниот систем на топлинска енергија бил условен од претходно добиена согласност од вкупниот број на потрошувачи на колективниот објект, што било во спротивност со член 30 од Уставот и член 8 и член 9 став 3 од Законот за сопственост и други стварни права. Со исклучувањето, односно раскинувањето на индивидуалниот договор за снабдување со топлинска енергија, сопственикот на конкретниот стан не го нарушувал правото на останатите сопственици да склучуваат договори со дистрибутивниот систем на топлинска енергија и не им нанесувал штета. Односот на останатите сопственици бил индивидуален однос со дистрибутерот на топлинска енергија и договорните услови биле прашање на согласност помеѓу нив, без никакво вмешување на оние кои не сакаат да склучат договор. Од друга страна, со барањето за претходна согласност од вкупниот број на потрошувачи на колективниот објект, во случај на исклучување, се ограничувало правото на сопственикот да располага со својот стан во потполност, односно, се барал посебен надоместок за да може да си го оствари правото на сопственост, што било спротивно на Уставот и закон, еден или повеќе од сопствениците да се поставувал во субординација кон останатите сопственици на зградата. Позитивната законска регулатива упатувала на спротивно решение. Имено, сопственикот кој се исклучил од системот, автоматски бил поставен во ситуација од него да се бара дозвола цевките за пренос на топлинска енергија да поминуваат низ просторот на неговиот стан. Сопственикот кој се исклучил требало да дозволи ваков премин, без барање на посебен надомест за овој проод, согласно член 17 од Законот за сопственост и други стварни права, во кој се уредувале односите меѓу соседите како сопственици на недвижен имот (соседско право).

Според член 53 став 2 од Правилата, не само што се употребувал просторот на стан, кој не е дел од договорниот однос, не само што се присилувале граѓаните кои

не сакаат да ја користат топлинската енергија од дистрибутивниот систем и мораат да бидат изложени на несакано загревање на просторот, туку и за несаканите дејствија морале да плаќаат одредена сума на пари. На тој начин се повредувало/ограничувало правото на сопственост и граѓанинот бил присилен да воспостави договорен однос со дистрибутерот, без можност за избор и под присила. Ова било во спротивност со член 8 став 1 алинеите 3, 6 и 7, член 30 и член 50 од Уставот и членовите 8 и 9 од Законот за сопственост и други стварни права, заради тоа што со наведените обврски на граѓаните им се оневозможувало несметано и мирно уживање на својата сопственост и се оптоварувале со давачка која не била со закон предвидена, а која била поврзана со нивната сопственост. Со договорот за снабдување со топлинска енергија, кој се склучувал помеѓу тарифниот потрошувач и снабдувачот, се договарало тарифниот потрошувач да добие топлинска енергија за која треба да се плати соодветен надоместок. Со раскинувањето на договорот тарифниот потрошувач се откажувал од добивањето топлинска енергија, со што го губел правото на добивање топлинска енергија и во исто време се ослободувл од обврската за исплата на истата. Оттука, произлегувало дека оваа одредба била спротивна на членовите 4, 7, 8, 12 и 121 од Законот за облигационите односи, како и член 2 од Законот за енергетика. Со оспорената одредба не само што се заштитувала монополската позиција на единствениот снабдувач со топлинска енергија ДООЕЛ Скопје, лиценциран дистрибутер на топлинска енергија за целиот град Скопје дури до 2015 година, туку и се дестимулирале и се оневозможувале граѓаните да инвестираат средства за искористување на обновливи извори на енергија.

Определувањето на обврска за плаќање на несакана испорака на топлинска енергија не произлегувала ниту од Законот за енергетика. Имено, во член 28 од овој закон било пропишано што уредуваат правилата за снабдување со топлинска енергија, меѓу кои не се споменувало прашањето за раскинување на договорот од страна на потрошувачот на топлинска енергија, со што произлегувало дека ова раскинување на договорот останува да биде уредено само со Законот за облигационите односи.

Определувањето на обврска за плаќање на несакана испорака на топлинска енергија било во спротивност и со член 115 точка 4 од Законот за енергетика, според која одредба значело дека никако не можело да се бара од потрошувачите, кои се исклучени од системот, да одговараат за обврска на операторот што ја презел во моментот на добивање на лиценцата. Решавањето на проблемот со губење на топлинската енергија во текот на дистрибуцијата од местото на производството до местото на испорака бил дел на обврска на снабдувачот и не можело да биде ставено во обврска на субјектот кој веќе не бил во договорен однос со истиот. Едновремено, со тоа се прекршувала и загарантираната слобода на пазарот и претприемништвото од член 55 став 1 од Уставот, бидејќи не само што не се казнувал, туку и се наградувала неспособноста на ДООЕЛ Скопје да ги задржи потрошувачите со сила (а да не се зборува за стекнување нови потрошувачи), односно му се дозволувало наводниот трошок од исклучените потрошувачи да го префрли или стави на товар на тековните потрошувачи.

Членот 66 од Правилата бил спротивен на член 20 став 3 од Законот за облигационите односи, според кој изјавата на волја морала да биде направена слободно и сериозно. Имено, со наметнувањето обврска за склучување договор, како што било во оспорениот член, всушност се нарушувала слободата на волјата на една од договорните страни.

Според основната одредба на член 16 од Законот за облигационите односи, врз облигационите односи кои се уредуваат со други закони и меѓународни договори кои ги ратификувала Република Македонија се применуваат одредбите на овој закон во прашањата што не се уредени со тој закон, односно меѓународен договор. Со оглед дека во Законот за енергетика не била предвидена одредба која се однесува на оваа проблематика, требало да се применат одредбите на Законот за облигационите односи, а не оспорените правила.

Постоењето на присила за склучување на договор, претставувало основа за рушливост на договорот (член 103 од Законот за облигационите односи).

Поради наведеното, оспорените правила не биле во согласност со член 8 став 1 алинеите 3, 6, 7 и 11 и став 2, член 30, член 51 и член 55 од Уставот, Законот за енергетика, Законот за домување, Законот за сопственост и други стварни права и Законот за облигационите односи.

При одлучувањето по оваа иницијатива, подносителот предлага Судот да ја има предвид и одредбата на член 61 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, како и Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 148/2008.

Врз основа на наведеното, се предлага Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорените правила во целина и посебно на член 13, член 53 и член 66 и истите да ги поништи.

Воедно, се предлага Уставниот суд да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија преземени врз основа на оспорените правила, бидејќи со нивното извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици.

5. Судот на седницата утврди дека според член 9 став 2 од Правилата за снабдување со топлинска енергија, потрошувачите што не склучиле договор со снабдувачот од било кои причини, а користат топлинска енергија, се смета дека се во потрошувачки однос со снабдувачот, под исти услови како и корисниците што склучиле договор за снабдување со топлинска енергија. Според став 4 на истиот член, потрошувачите кои не се пријавиле уредно и благовремено од било која причина кај снабдувачот, а се затекнати дека користат топлинска енергија во грејна сезона, ќе бидат задолжени со надоместок за топлинска енергија за период од една година, а најмалку за период од почетокот на тековната година.

Според член 13 од Правилата, управителот на станбената зграда односно заедницата на сопственици – правно лице е должен да ги пријави потрошувачите на топлинска енергија кои на нелегален начин ја користат истата, односно да пријави промена на статусот исклучен / вклучен, како и да пријави за промената на сопственикот. За оваа цел снабдувачот му стои на располагање на Управителот да во негово присуство со својата стручност се утврди вистинската состојба (став 1). Доколку потрошувачот одбива да дозволи контрола во грејните простории и инсталации на потрошувачот кој на нелегален начин ја користи топлинската енергија, Заедницата на сопственици и снабдувачот прават записник (став 2). Врз основа на записникот од став 2 на овој член и писмена согласност на Управителот на стамбената зграда, односно Заедницата на сопственици– правно лице, снабдувачот ќе ја направи промената, без да се направи увид во грејниот простор и грејната инсталација на потрошувачот (став 3). Заедницата на сопствени-

ци е должна да ги достави податоците за потрошувачот кај кого се врши промената согласно став 1 (став 4).

Согласно член 18 став 1 од Правилата, надоместокот за потрошената топлинска енергија за затоплување на заеднички простории: скали, ходници и др. кои не се влезени во грејната површина на потрошувачот, се распределува подеднакво на сите потрошувачи под исти услови и цени како и за затоплување на останатите простории, пропорционално на потрошената енергија.

Според член 53 став 1 од Правилата, во колективните објекти за домување каде распределбата на надоместокот се врши преку еден колективен мерен уред може да се врши поединечно исклучување на потрошу-вачите по нивно барање, по претходно добиена согласност од вкупниот број на потрошувачи на тој колективен објект. Според став 2 на истиот член, исклучените потрошувачи од став 1 на овој член се задолжуваат со плаќање на надоместокот за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија, кој се определува согласно тарифниот систем за топлинска енергија. Согласно став 3 на овој член, доколку сите потрошувачи од исто мерно место писмено побараат исклучување од топлификациониот систем за цела грејна сезона или повеќе грејни сезони истите не се задолжуваат со надоместок доколку за пресметковниот период на мерниот уред не е регистрирана потрошувачка на топлинска енергија.

Според член 54 од Правилата, потрошувачот кој што живее во индивидуален објект и кој од било кои причини не сака да користи топлинска енергија е должен да го одјави користењето на топлинска енергија, со писмено барање(образец) за исклучување насловено до снабдувачот (став 1). Потрошувачот е прописно исклучен кога грејните тела физички се одвоени од грејната инсталација на објектот и записнички констатирано од страна на снабдувачот (став 2). Исклучување и приклучување на затоплуваниот простор на потрошувачот може да се изврши, по барање на потрошувачот, само вон грејна сезона, односно во период од 30 мај до 30 август во годината (став 3). По барањето на потрошувачот од став 3 на овој член, снабдувачот е должен да постапи најкасно до 15 септември во годината, а доколку снабдувачот не го испочитува крајниот рок, потрошувачот нема да биде задолжуван за периодот во кој се грел по вина на снабдувачот (став 4). Доколку потрошувачот поднесе барање по истекот на рокот утврден во став 3 на овој член, снабдувачот ќе постапи по барањето кога ќе бидат создадени услови за тоа, без да се наруши режимот на греење на останатите потрошувачи, а потрошувачот доколку се работи за исклучување ќе биде задолжуван со надомест до денот на исклучувањето (став 5). Потрошувачот при поднесување на барање за исклучување должен е да ги подмири сите заостанати обврски према снабдувачот по основ на испорачана топлинска енергија (став 6).

Според Член 55 став 1 од Правилата, снабдувачот има право на пристап во секој имот или објект заради исклучување на испораката на топлинска енергија, во случај кога потрошувачот направи прекршок во согласност со Законот за енергетика или не извршил плаќање за топлинска енергија во согласност со обврските од договорот за снабдување или роковите и условите за давање на услуга.

Согласно член 66 од Правилата, со денот на влегувањето во сила на овие Правила сите претходно исклучени потрошувачи од системот за дистрибуција на топлинска енергија кои се дел од колективните објекти за домување се должни да склучат договор за снабдување со топлинска енергија со соодветниот снабдувач и да се приклучат на системот за дистрибуција најдоцна до 01.10.2012 година (став 1). Сите исклучени потрошувачи на топлинска енергија кои нема да склучат договор за снабдување со топлинска енергија со соодветниот снабдувач и да се приклучат на системот за дистрибуција најдоцна до 01.10.2012 година, должни се да го плаќаат надоместокот за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија, кој се определува согласно тарифниот систем за топлинска енергија (став 2). Снабдувачот е должен да им достави договор за снабдување со топлинска енергија на сите исклучени потрошувачи во колективни објекти за домување најдоцна до 01.09.2012 година (став 3). Трошокот за приклучување на потрошувачите од став 1 на овој член е на сметка на дистрибутерот (став 4).

6. Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 52 став 4 од Уставот, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Од изнесените уставни одредби произлегува дека владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија и дека таа вредност се остварува така што законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите, при што секој субјект е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 1 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/2011 и 136/2011), со овој закон се уредуваат:

1) целите на енергетската политика и начинот на нејзината реализација;

2) енергетските дејности и начинот на регулирањето на енергетските дејности;

3) изградбата на енергетските објекти;

4) статусот и надлежноста на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;

5) пазарот на електрична енергија, пазарот на природен гас, пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт и пазарот на топлинска енергија;

6) условите за остварување на енергетска ефикасност и промоција на користењето на обновливите извори на енергија и

7) други прашања од значење за енергетиката.

Регулирањето на прашањата поврзани со вршењето на енергетските дејности определени со овој закон, според член 15 став 1 од Законот, ги врши Регулаторната комисија за енергетика. Според став 2 на истиот член, Регулаторната комисија за енергетика е независна во своето работење и одлучување во рамките на надлежностите утврдени со овој закон.

Според член 28 од овој закон, Регулаторната комисија за енергетика за секој вид енергија и природен гас донесува одделни правила за снабдување со електрична енергија, топлинска енергија и природен гас (став 1). Согласно став 2 на овој член, со правилата од ставот 1 на овој член поблиску се уредуваат општите услови и начинот на снабдување, како и меѓусебните права, об-

врски и одговорности на снабдувачот, потрошувачот на соодветен вид енергија или природен гас и операторот на соодветниот систем, а особено:

1) условите, начинот и рокот на склучување на договорот за продажба на соодветниот вид енергија или природен гас;

2) начинот на пресметка, фактурирање и наплата на испорачаната енергија или природен гас и услугите за користење на преносните, односно дистрибутивните мрежи;

3) условите и начинот на обештетување на потрошувачот во случај на намалена испорака или прекин;

4) потрошувачите на кои не може да им се прекине испораката и начинот на обезбедување на гаранции за намирување на трошоците за потрошената енергија или природен гас од страна на овие корисници;

5) начинот и постапката за промена на снабдувачот по избор на потрошувачот и право на корисникот без надоместок да го промени снабдувачот;

6) квалитетот на испорачаната енергија или природен гас пропишан во соодветните мрежни правила;

7) квалитетот на услугите што ги обезбедува снабдувачот;

8) минималните услови и начин за организациона поставеност и техничка опременост за обезбедување на комуникација со потрошувачите заради обезбедување на пропишаниот квалитет на услугите што ги обезбедува снабдувачот;

9) начинот и постапките за комуникација и размена на информации меѓу снабдувачот и операторите на соодветните системи заради обезбедување на пропишаниот квалитет на енергијата или природниот гас и услугите што ги обезбедуваат операторите;

10) условите и постапката за исклучување на потрошувачите од преносните, односно дистрибутивните системи во случај кога потрошувачите не ги исполнуваат обврските уврдени со закон, пропис и договор;

11) начинот, формата и роковите за поднесување на извештаите кои снабдувачот е должен да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика;

12) неопходните информации што снабдувачите се должни да им ги обезбедат на потрошувачите преку соодветните сметки, како и информациите што треба да бидат јавно достапни, а се од интерес за сите потрошувачи и

13) заштитата на потрошувачите.

Тргнувајќи од напред изнесеното, Судот оцени дека право е на законодавецот да основа независни стручни тела и да им пренесува јавни овластувања, во случајов, да основа Регулаторна комисија за енергетика, на која и се пренесени овластувања во сферата на регулирањето на одделни прашања во вршењето на енергетските дејности определени со Законот за енергетика.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 28 од Законот за енергетика, ги донела оспорените Правила за снабдување со топлинска енергија, со кои се уредуваат општите услови и начинот на снабдување со топлинска енергија како и меѓусебните права, обврски и одговорности на снабдувачот, потрошувачот на топлинска енергија и операторот на дистрибутивниот систем.

Со оглед дека во Законот за енергетика постои основ за донесување на Правилата кои се оспоруваат, произлегува дека истите се во функција на доразработка и операционализација на одредбите од Законот за енергетика од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Поради тоа, Судот оцени дека нема основ за прифаќање на барањето во една од иницијативите, за водување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилата во целина.

7. Според член 118 став 1 од Законот за енергетика, снабдувачот со топлинска енергија на потрошувачите со кои има склучено договор е должен да обезбеди сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со топлинска енергија во согласност со Правилата за снабдување со топлинска енергија, договорите за снабдување склучени со потрошувачите и издадената лиценца.

Тоа значи дека законодавецот пропишал дека снабдувањето со топлинска енергија се остварува врз основа на склучен договор помеѓу снабдувачот со топлинска енергија и потрошувачот.

Според член 9 став 2 од Правилата, потрошувачите што не склучиле Договор со снабдувачот од било кои причини, а користат топлинска енергија, се смета дека се во потрошувачки однос со снабдувачот, под исти услови како и корисниците што склучиле договор за снабдување со топлинска енергија. Согласно став 4 на овој член, потрошувачите кои не се пријавиле уредно и благовремено од било која причина кај снабдувачот, а се затекнати дека користат топлинска енергија во грејна сезона, ќе бидат задолжени со надоместок за топлинска енергија за период од една година, а најмалку за период од почетокот на тековната година.

Наводите во една од иницијативите дека ваквите одредби во Правилата не биле во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи кои се однесуваат на склучување на договор како израз на слободна волја на странките (член 18, член 20 став 2 и член 62 став 1), поради што значеле повреда на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, Судот ги оцени како неосновани.

Ова затоа што е неспорно дека законодавецот утврдил снабдувањето со топлинска енергија да се остварува врз основа на склучен договор помеѓу снабдувачот со топлинска енергија и потрошувачот, што е и разработено со Правилата. Но, со оспорените одредби на член 9 од Правилата, се уредува случајот кога станува збор за злоупотреби на ваквиот начин на снабдување со топлинска енергија од одредени потрошувачи, кои без да склучат договор, неовластено ќе се приклучат на системот за дистрибуција на топлинска енергија и ќе користат топлинска енергија, користејќи ги техничките можности за тоа (што е најчесто случај во објектите за колективно домување во кои е изградена грејна инсталација поврзана со системот за дистрибуција на топлинска енергија и во кои објекти може да постојат потрошувачи кои формално се исклучиле од системот, но кои фактички ја користат топлинската енергија). Во таков случај, основано произлегува дека и овие потрошувачи, исто како и потрошувачите кои склучиле договор, треба да плаќаат за топлотната енергија која ја користат. Со оглед дека станува збор за плаќање на услуга која фактички се користи, произлегува дека корисниците на таа услуга се во потрошувачки однос со снабдувачот, исто како и корисниците што склучиле договор за снабдување со топлинска енергија, поради што Судот оцени дека не може да стане збор за повреда на начелото на владеењето на правото, како што се наведува во иницијативата.

8. Во однос на покренатото прашање за оценување на уставноста и законитоста на член 13 од Правилата, Судот го имаше предвид следното:

Според член 10 став 1 од Закон за домување („Службен весник на Република Македонија“ број 99/2009, 57/10, 36/11 и 54/11 и 13/2012), управувањето со станбените згради претставува следење и спроведување на од-

луките донесени од собирот на сопствениците на посебните делови во зградата, застапување во правниот промет и во постапките пред надлежните органи со цел за функционирање, одржување и зачувување на заедничките делови на станбената зграда. Согласно став 2 на овој член, работите на управување од ставот 1 на овој член може да ги врши управител или заедница на сопственици за што сопствениците на посебните делови се должни да донесат одлука со која ќе одлучат овие работи да ги врши управител или заедница на сопственици.

Правата и обврската на управителот се утврдени во член 19 став 1 од Законот, и тоа:

1. ги извршува одлуките на сопствениците на посебните делови;

2. се грижи за редовно одржување и функционирање на заедничките делови;

3. ги застапува сопствениците на посебните делови во работите на управување и во име на одделни сопственици поднесува тужба за ослободување од обврската за плаќање, односно тужба за задолжување за плаќање на трошоците и издатоците на сопственикот на посебниот дел;

4. ги застапува сопствениците на посебните делови пред управните органи во работите на издавање на дозволи и согласности и во постапките за упис на недвижностите и други управни постапки, во врска со станбената зграда и земјиштето, како и за други работи поврзани со управувањето;

5. подготвува план за одржување на станбената зграда, план со динамика за спроведување на овој план и се грижи за спроведување на планот;

6. подготвува пресметка на трошоците на управување на станбената зграда и ги распоредува трошоците меѓу сопствениците на посебните делови;

7. ги прима уплатите на сопствениците на посебни делови врз основа на месечна пресметка и ги плаќа обврските од договорите склучени со трети лица;

8. ги информира сопствениците на посебните делови за својата работа и им доставува месечни и годишни пресметки;

9. изготвува годишен извештај за управување со објектот;

10. во согласност со одредбите од овој закон стопанисува со резервниот фонд;

11. врши набројување и нумерирање на становите и го пријавува уписот на податоците во органот што ги води јавните книги на недвижностите и

12. треба да ги познава стандардите и нормативите за пристапност на лица со хендикеп во станбениот објект.

Според став 4 на истиот член, управителот може да има и други овластувања утврдени со овој закон и со договорот за вршење на управувачки услуги.

Според член 54 став 1 од Законот, ако во станбена зграда има повеќе од двајца сопственици на посебни делови и повеќе од осум посебни делови, сопствениците на посебните делови можат да донесат одлука за формирање заедница на сопственици како правно лице за управување со станбената заграда. Одлуката е донесена кога за неа гласале повеќе од половина од сопствениците на посебните делови.

Согласно член 58 став 1 од Законот, заедницата на сопственици има право да склучува договори за работи на управување на станбената зграда и не може да врши друга дејност.

Според член 13 став 1 од Правилата, управителот на станбената зграда односно заедницата на сопственици – правно лице е должен да ги пријави потрошувачите на топлинска енергија кои на нелегален начин ја користат истата, односно да пријави промена на статусот исклучен/вклучен, како и да пријави за промената на сопственикот. За оваа цел снабдувачот му стои на располагање на Управителот да во негово присуство со својата стручност се утврди вистинската состојба. Со член 13 став 3 од Правилата, се пропишува дека врз основа на записникот од став 2 на овој член (доколку потрошувачот одбива да дозволи контрола во грејните простории и инсталации на потрошувачот кој на нелегален начин ја користи топлинската енергија, Заедницата на сопственици и снабдувачот прават записник) и писмената согласност на Управителот на станбената зграда, односно Заедницата на сопственици – правно лице, снабдувачот ќе ја направи промената, без да се направи увид во грејниот простор и грејната инсталација на потрошувачот.

Според Судот, вака утврдените должности на управителот на станбената зграда односно заедницата на сопственици – правно лице со Правилата, ги надминуваат рамките на правата и обврските на управителот на станбената зграда односно заедницата на сопственици утврдени со Законот за домување. Имено, законската регулатива за ова прашање упатува дека покрај овластувањата на управителот утврдени со Законот за домување, управителот може да има и други овластувања утврдени со договорот за вршење на управувачки услуги. Со оглед дека во Законот за домување не се опфатени наведените овластувања на управителот, произлегува дека со договорот за вршење на управувачки услуги, станарите во становите за колективно домување можат на управителот со договор да му пренесат овластување да ги пријавува и состојбите и промените на користењето на топлинска енергија од станарите, но во никој случај тоа не е прашање кое со Правилата треба да им биде наметнато на управителот на станбената зграда односно заедницата на сопственици. Не навлегувајќи во оправданоста на ставот на Регулаторната комисија за енергетика дека ангажирањето на управителот на станбената зграда, односно заедницата на сопственици како директно засегнати страни од последиците на некоректно однесување на поедини исклучени потрошувачи е реален пристап за надминување на оваа состојба (искажан во одговорот на иницијативите, доставен до Уставниот суд со акт бр. 09-1601/2 од 28.09.2012 година), според Судот, уставно-правно не е дозволено со Правилата, како подзаконски акт донесен од Регулаторната комисија за енергетика, надвор од законот, да се утврдуваат права и должности за управителот на станбената зграда односно заедницата на сопственици – правно лице. Ваквата регулатива води кон повреда на владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, поради што Судот оцени дека основано може да се постави прашањето за уставноста и законитоста на оспорениот член 13 од Правилата.

9. Според член 18 од Правилата, надоместокот за потрошената топлинска енергија за затоплување на заеднички простории: скали, ходници и др. кои не се влезени во грејната површина на потрошувачот, се распределува подеднакво на сите потрошувачи под исти услови и цени како и за затоплување на останатите простории, пропорционално на потрошената енергија.

Наводите во една од иницијативите дека со ваквата одредба се овозможувало монополско и самоволно однесување на снабдувачот Топлификација АД Скопје, како единствен снабдувач во градот Скопје, Судот ги оцени како неосновани. Ова затоа што во станбените згради каде постојат заеднички простории дефинирани со Законот за домување (член 6), на што и се однесува оспорената одредба, реално постои пасивно преземање

на топлинската енергија во овие заеднички простории, иако тие директно не се загреваат, што фактички ја зголемува топлотната енергија која се испорачува за загревање на становите, поради што основано произлегува дека сите потрошувачи во станбените згради подеднакво треба да учествуваат во надоместокот за испорачаната топлотна енергија. Одредбата не се бави со конкретни снабдувачи со топлотна енергија како што се наведува во иницијативата (снабдувањето со топлотна енергија, согласно се член 37 од Законот за енергетика, се врши со издавање на лиценца), туку на принципиелен начин го утврдува плаќањето на реално испорачаната топлотна енергија во станбените згради, поради што пред Судот не се постави прашањето за согласноста на член 18 од Правилата со Уставот, како што се наведува во иницијативата.

10. Со член 53 од Правилата се уредува исклучувањето од дистрибутивниот систем по барање на потрошувачите во колективни објекти. Така, во ставот 1 на овој член, се пропишува дека во колективните објекти за домување каде распределбата на надоместокот се врши преку еден колективен мерен уред може да се врши поединечно исклучување на потрошувачите по нивно барање, по претходно добиена согласност од вкупниот број на потрошувачи на тој колективен објект. Според ставот 2 на овој член, исклучените потрошувачи од став 1 на овој член се задолжуваат со плаќање на надоместокот за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија, кој се определува согласно тарифниот систем за топлинска енергија, а согласно ставот 3 на овој член, доколку сите потрошувачи од исто мерно место писмено побараат исклучување од топлификациониот систем за цела грејна сезона или повеќе грејни сезони истите не се задолжуваат со надоместок доколку за пресметковниот период на мерниот уред не е регистрирана потрошувачка на топлинска енергија.

Во однос на прашањата за оценување на уставноста и законитоста на ставот 2 на оваа одредба, кои се покренуваат со иницијативите, Судот го имаше предвид следното:

Според член 28 став 2 точка 2 од Законот за енергетика, со Правилата за снабдување на топлинска енергија поблиску се уредуваат начинот на пресметка, фактурирање и наплата на испорачаната енергија или природен гас и услугите за користење на преносните, односно дистрибутивните мрежи.

Пазарот на топлинска енергија е уреден со главата IX од Законот (член 111 до член 121).

Според член 120 став 1 од Законот, потрошувачите на топлинска енергија приклучени на системот за дистрибуција во подрачјето на кое е воспоставен систем за топлинска енергија имаат право на слободен избор од кој снабдувач ќе бидат снабдувани. Според став 2 на истиот член, снабдувачот со топлинска енергија, врз основа на отчитувањата на мерните уреди и отчитувањата на уредите за локално распределување од членот 119 став 4 на овој закон, врши фактурирање и наплата на испорачаната топлинска енергија на потрошувачите по цена која се состои од просечната цена на топлинската енергија од членот 116 ставот 7 на овој закон за пресметковниот период определен во согласност со правилникот од членот 113 став 5 на овој закон, тарифата за користење на дистрибутивниот систем и надоместокот за снабдување со топлинска енергија.

Од анализата на наведената и останатите законски одредби, произлегува дека законодавецот пропишал право на слободен избор на потрошувачот од кој снабдувач ќе бидат снабдувани со топлинска енергија, врз база на склучен договор, што значи и право на потрошувачот да одбие да склучи договор, односно право да се исклучи од дистрибутивниот систем за снабдување со топлинска енергија. Во таа смисла. со Правилата е предвидена можност сите потрошувачи од исто мерно место, кои се лоцирани во ист објект на колективно домување, да се исклучат од топлификациониот систем за цела грејна сезона или за повеќе грејни сезони и истите, доколку за пресметковниот период на мерниот уред не е регистрирана потрошувачка на топлинска енергија, нема да бидат задолжени за надоместок на топлинска енергија (член 53 став 3).

Со Правилата е предвидена можност и поединечен потрошувач во колективните објекти за домување каде распределбата на надоместокот се врши преку еден колективен мерен уред, по свое барање, да се исклучи од дистрибутнивниот систем, меѓутоа, во тој случај, се бара претходно добиена согласност од вкупниот број на потрошувачи во тој колективен објект (член 53 став 1). Исто така, се предвидува вака исклучените потрошувачи да плаќаат одреден надоместок за користење на топлинска енергија (член 53 став 2). Со иницијативата се поставува прашање дали овие исклучени корисници се оптоварени со обврска да плаќаат за услуга која не ја користат.

Во одговор на ова прашање, Судот ја имаше предвид спецификата на колективните објекти за домување, на која се укажува од страна на Регулаторната комисија за енергетика, во одговорот на наводите во иницијативите.

Имено, во објектите за колективно домување, исклучените станови од грејната инсталација заради пасивното преземање на топлинската енергија добиена како последица на поминување на топлинсктата енергија низ вертикалните цевки, како и заради непосредниот пренос на топлинската енергија низ материјата, односно од стан кој се снабдува со топлинска енергија кон стан кој не се снабдува со топлинска енергија, односно од подрачје со повисока температура кон подрачје со пониска температура (кондукција на топлината), предизвикуваат одземање на топлинската енергија од прилкучените станови во колективното домување. Заради појавата на кондукција на топлина, исклучените станови од грејната инсталација во објектите за колективно домување се подгреваат на сметка на приклучените, а исклучените само се догреваат до бараната температура и затоа имаат помал трошок на греење во однос на оние кои се приклучени на грејната инсталација. Така, со исклучувањето всушност се нанесува штета на останатите приклучени корисници, бидејќи дел од топлинската енергија, според законот на физиката, се шири линеарно во сите правци, така што дел се пренесува и кај исклучениот корисник, без оглед дали тој тоа го бара или не. Снабдувањето со топлинска енергија во објекти на колективно домување нема ист третман како и снабдувањето со вода или електрична енергија, како што тоа најчесто се објаснува. Во колективните објекти исклучените корисници од снабдувањето со вода или електрична енергија немаат влијание врз останатите корисници на вода и електрична енергија, но исклучените станови од грејната инсталација имаат негативно влијание врз останатите корисници на топлинска енергија. Исклучените станови се пасивни корисници на топлинска енергија добиена од соседните и останатите станови во колективниот објект.

Во објекти за колективно домување каде снабдувањето со топлинска енергија е предвидено да биде преку системите за дистрибуција на топлинска енергија, не може да стане збор за несакана испорака на топлин-

ска енергија. Сите станбени единици во колективниот објект се снабдуваат со топлинска енергија, а кај исклучените станови топлинската енергија се испорачува преку ѕидовите, подот и таванот со кои се граничи со соседните станови кај кои има испорака на топлинска енергија, како и преку вреловодните цевоводи за испорака и поврат на топлоносителот кои поминуваат низ просторот на исклучениот корисник.

Оттука, произлегува дека корисникот на топлинска енергија во колективен објект не е во субординарен (подреден) однос со останатите корисници, туку станува збор за меѓусебно поврзана зависност во користењето на топлинската енергија, како и од аспект на трошоците.

Имајќи го предвид наведеното, според Судот, неспорно произлегува заклучок дека во колективните објекти за домување, и исклучените потрошувачи од топлинскиот систем објективно користат одредена топлинска енергија поради неможноста тоа да се отстрани, од каде произлегува и основаноста на обврската за истата да платат, пропорционално на потрошената енергија, а не да ја користат на сметка на неисклучените потрошувачи. Тоа значи дека исклучените потрошувачи, со оспорениот член 53 став 2 од Правилата, се задолжуваат да платат за услуга која, поради техничките карактеристики на пренос на топлинска енергија, особено изразени во колективните објекти за домување каде распределбата на надоместокот се врши преку еден колективен мерен уред, и покрај исклучувањето од системот, сепак ја плодоуживаат услугата, поради што основано се задолжени да платат за користењето на истата.

Поради наведеното, Судот ги оцени како неосновани наводите во иницијативата дека со ваквата регулатива се овозможувало и поттикнувало монополското однесување и монополската положба на снабдувачот на топлинска енергија, спротивно на член 55 ставовите 1 и 2 од Уставот, овозможувајќи му да наплаќа за услуги што воопшто не ги испорачува.

11. Во однос на бараната согласност од вкупниот број на потрошувачи на колективниот објект, за поединечно исклучување на потрошувачите од дистрибутивниот систем, пропишана со член 53 став 1 од Правилата, Судот го имаше предвид следното:

Во Законот за домување се пропишани повеќе случаи кога се бара согласност од станарите за преземање на одредени дејствија: - донесување на план за одржување на станбената зграда (член 12 став 4), определување на управител (член 18 став 1), договор за вршење на управувачки работи (член 22), раководење со собир на сопственици (член 38 став 2), формирање на заедница на сопственици-правно лице (член 54 став 1), престанок на заедницата на сопственици (член 64 став 1). Заедничко за сите овие случаи е дека одлуката е донесена ако за неа гласале повеќе од половина од сопствениците на посебните делови.

Според член 59-а алинеја 5 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012 и 25/2013), доколку се работи за доградба и надградба на згради во етажна сопственост, потребно е да се обезбеди договор со заедницата на сопственици на посебни делови на објектот или писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови од објектот кои претставуваат повеќе од половината од вкупната површина на објектот со имотни листови за посебните делови на објектот.

Според член 101 став 1 од Законот за сопственост и други стварни права ("Службен весник на Република Македонија" број 18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/2010), стан, дел од стан, помошна станбена и заедничка просторија врз основа на проектна документација може да се пренамени за вршење на деловна дејност по барање на сопственикот на тој дел од зградата, ако со тоа не се загрозува безбедноста на граѓаните во зградата, ако не и се нанесува штета на зградата и ако не се оневозможуваат другите корисници во мирното користење на становите, по претходна согласност на мнозинството сопственици на становите, односно на целовните простории во зградата, односно на влезот во зградата.

Според член 110 од истиот закон, поправките и преправките на деловите од зградата што се во функција на зградата како целина, можат да се вршат врз основа на договор за заемни односи, а ако не е склучен таков договор врз основа на непосредна спогодба на мнозинството сопственици на деловите од зградата. Поправките и преправките на деловите на зградата што се во функција само на определени делови од зградата (влезови), се вршат врз основа на согласност на мнозинството сопственици на тие делови од зградата (став 1). Ако меѓу сопствениците не дојде до согласност, односно ако некој од нив не се согласи со потребата од поправките, односно преправките, надлежниот суд по предлог на заинтересираниот сопственик, односно на сопствениците, ќе одлучи во вонпарнична постапка дали да се извршат тие поправки, односно преправки, водејќи сметка за нивната оправданост(став 2).

Од наведените одредби произлегува дека законодавецот, во регулирањето на односите на сопствениците на посебни делови во објектите за колективно домување, секогаш водел сметка за согласноста или волјата на мнозинството сопственици на посебните делови. Оттука, произлегува дека во случајот на барање согласност за поединечно исклучување од дистрибутивниот систем на топлинска енергија од сите потрошувачи на тој објект, значи отстапување од наведеното начело на кое се заснова уредување на односите во колективните објекти на домување. Притоа, таковото отстапување не е резултат на волјата на законодавецот, таквиот посебен однос, поради неговата евентуална специфика, да биде уреден со закон, туку е уредено со Правилата, односно со подзаконски акт, што според Судот, претставува утврдување на права и обврски за граѓаните со подзаконски акт наместо со закон, што води кон повреда на начелото на владеењето на правото.

Тргнувајќи од основните начела утврдени во Законот за сопственост и другите стварни права, според кои сопственикот има право својата ствар да ја држи, целосно да ја користи и да располага со неа по своја волја, доколку тоа не е спротивно на закон или на некое право на друго лице; дека секој е должен да се воздржува од повреди на правото на сопственост на друго лице (член 8), како и дека правото на сопственост не смее да се врши со цел на друг да му се причини штета или тој да се спречи во остварувањето на неговото право (член 9 став 3), произлегува дека условувањето на поединечното исклучување од топлинскиот систем со согласност од сите потрошувачи (корисници) на системот во објектот на колективно домување, предвидено со подзаконски акт, без законски основ, основано води кон повреда на сопственоста и правата кои произлегуваат од сопственоста, како и повреда на уставната определба утврдена во член 30 став 3 од Уставот, дека никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Имајќи го предвид наведеното, Судот оцени дека основано може да се постави прашањето за согласноста на член 53 став 1 во делот: „по претходно добиена сог-

ласност од вкупниот број на потрошувачи на тој колективен објект“ од Правилата со Уставот и наведените закони.

12. Според член 55 став 1 од Правилата, снабдувачот има право на пристап во секој имот или објект заради исклучување на испораката на топлинска енергија, во случај кога потрошувачот направи прекршок во согласност со Законот за енергетика или не извршил плаќање за топлинска енергија во согласност со обврските од договорот за снабдување или роковите и условите за давање на услуга.

Наводите во една од иницијативите дека со оваа одредба се повредувала неповредливоста на домот, гарантирана со член 26 од Уставот, Судот ги оцени како неосновани.

Имено, според член 119 став 3 од Законот за енергетика, ако мерниот уред се наоѓа на имотот на корисникот, корисникот е должен да му овозможи на овластено лице на операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија право на пристап на секој имот или објект до мерниот уред, односно приклучокот заради:

1) читање на мерните уреди;

2) контрола, вградување, надзор, замена и одржување на опремата на мерното место;

3) исклучување на корисникот кога постапува спротивно со условите за користење на дистрибутивната мрежа пропишани во мрежните правила за дистрибуција и

4) исклучување на потрошувачот по барање на снабдувачот, во согласност со одредбите од Правилникот за снабдување.

Имајќи ја предвид наведената законска регулатива, според Судот, со оспорената одредба од Правилата, во согласност со Законот, се регулира фактичката положба кога мерниот уред се наоѓа на имотот на корисникот - потрошувачот и кога е нужно да биде овозможен пристап до уредот на овластеното службено лице на снабдувачот, со цел овозможување на користење на системот во согласност со Законот, поради што оцени дека во овој случај не може да стане збор за повреда на домот, во смисла на член 26 од Уставот.

13. Според член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако постојат други процесни пречки за одлучување по иницијативата.

Иако во една од иницијативите се бара оценување на уставноста на член 54 од Правилата, во иницијативата воопшто не постојат аргументи за изразување сомнеж во уставноста на оваа одредба, поради што Судот оцени дека постојат процесни пречки за одлучување по иницијативата и дека истата треба да се отфрли во овој дел.

14. Со член 66 став 1 од Правилата, кој е систематизиран во главата 15. Преодни и завршни одредби, се пропишува дека со денот на влегувањето во сила на овие Правила сите претходно исклучени потрошувачи од системот за дистрибуција на топлинска енергија кои се дел од колективните објекти за домување се должни да склучат договор за снабдување со топлинска енергија со соодветниот снабдувач и да се приклучат на системот за дистрибуција најдоцна до 01.10.2012 година.

Според ставот 2 на овој член, сите исклучени потрошувачи на топлинска енергија кои нема да склучат договор за снабдување со топлинска енергија со соодветниот снабдувач и да се приклучат на системот за дистрибуција најдоцна до 01.10.2012 година, должни се да го плаќаат надоместокот за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија, кој се определува согласно тарифниот систем за топлинска енергија.

Тоа значи дека со овие одредби се воведува задолжителна обврска за сите претходно исклучени потрошувачи од системот за дистрибуција на топлинска енергија кои се дел од колективните објекти за домување, во еден преклузивен рок да склучат договор за снабдување со топлинска енергија со соодветен снабдувач и да се приклучат на системот за дистрибуција, а во спротивност се должни да плаќаат надоместок за ангажирана моќност (фиксен дел) од надоместокот за топлинска енергија.

Поаѓајќи од ваквата цел на одредбите, кои по својата природа се преодни одредби кои имаат темпорален карактер, кој се исцрпел по определениот краен рок за нивната примена (01.10.2012 година), Судот оцени дека оспорените одредби ја исцрпеле својата содржина и дејство и веќе не се во правниот поредок, односно дека постојат процесни пречки за постапување по иницијативата и дека се исполнети условите од член 28 алинеја 3 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија за отфрлање на иницијативата во овој дел.

15. Наводите во една од иницијативите дека во Правилата воопшто не се споменувала обврската за снабдувачот да воведе систем за мерење по грејно тело, со што би се овозможила реална и стварна наплата на испорачана топлинска енергија, како што било во сите земји на Европската унија, всушност претставува барање Правилата да уредуваат односи на поинаков начин од пропишаниот, што е прашање од надлежност на носителот на Правилата или законодавецот, но не е во надлежност на Уставниот суд.

16. Тргнувајќи од наведеното, Судот одлучи како во точките 1, 2 и 3 од ова решение.

17. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови, во состав од претседателот на Судот, Бранко Наумоски и судиите: д-р Наташа Габер-Дамјановска, Елена Гошева, Исмаил Дарлишта, Никола Ивановски, Јован Јосифовски, Сали Мурати, д-р Гзиме Старова и Владимир Стојаноски.

У. бр. 125/2012
22 мај 2013 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија
Бранко Наумоски, с.р.

2075.

Врз основа на член 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992), по моето гласање против Решението У.бр.125/2012 од 22 мај 2013 година, во делот за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 53 став 2 од Правилата за топлинска енергија, го издвојувам и писмено го образложувам следното

ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ

Со означеното Решение, Уставниот суд со мнозинство гласови одлучи да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 53 став 2 од Правилата за снабдување со топлинска енергија (”Службен весник на Република Македонија” број 97/2012).

Со оглед дека не се согласувам со аргументите изнесени во Решението за неповедување на постапка за наведената одредба од Правилата, кои беа прифатливи за мнозинството судии, го изнесувам својот став по ова прашања, раководејќи се од следното:

Со донесување на наведеното решение, Уставниот суд отстапи од својата досегашана уставно судска прак-

са во врска со ваков случај, без за тоа да постојат аргументи и образложени причини.

Имено, Уставниот суд на Република Македонија со Одлука У.бр.148/2008 од 4 февруари 2009 година, го укина членот 52 став 3 од Условите за снабдување со топлинска енергија на подрачјето на град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр.15/1998 и 9/2002) донесени од Советот на Град Скопје, со образложение дека во случајов со закон не била утврдена обврска за плаќање на надоместок од страна на лицата кои не се корисници на топлинска енергија поради исклучување од енергетскиот систем, а воедно во правниот поредок на Република Македонија кога е во важност нов Закон за енергетика од 2006 година, според кој во рок од три години од неговото влегување во сила ќе треба да се донесат прописите предвидени со овој закон се уште се применуваат прописи кои не се усогласени ниту со Законот за енергетика кој важел во времето на нивното донесување. Поради тоа, Судот утврди дека наведените одредби од Условите за снабдување со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје не биле во согласност со членот 8 став 1 алинеи 3 и 7, членот 51 и членот 55 од Уставот на Република Македонија.

Сега оспорените правила се донесени од надлежен орган, Регулаторната комисија за енергетика и тоа не е спорно. Меѓутоа, од анализата на одредбите на важечкиот Закон за енергетика, произлегува дека во Законот не е утврдена обврска за плаќање надомест за топлинска енергија од страна на лицата кои живеат во колективните објекти за домување, а кои престанале да бидат корисници на топлинска енергија поради исклучување на грејниот простор од дистрибутивниот систем, од каде произлегува дека ваквата обврска - должност за овие исклучени потрошувачи да плаќаат дел од надоместокот за топлинска енергија (дел за ангажирана моќност (фиксен дел) претставува обврска за плаќање, која наместо со закон, е утврдена со подзаконски акт, за што Уставниот суд, со претходно цитираната одлука веќе укажал дека е неуставно. При ваква ситуација, сметам дека прашањето за плаќање на топлинската енергија на поединечно исклучените корисници од системот, како фактичко прашање, треба да биде предмет на оцена од страна на редовното судство, а никако да се утврдува со подзаконски акт, како што е сторено, поради што сметам дека ваквата регулатива укажува на надминување на овластувањата на Регулаторната комисија дадени со член 28 од Законот за енергетика и води кон повреда на начелото на владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Притоа, ги имав предвид наводите во одговорот на Регулаторната комисија за енергетика дека во колективното домување, исклучените станови од грејната инсталација како последица на поминување на топлинската енергија низ вертикални цевки како и заради непосредниот пренос на топлинската енергија низ материјата, односно од стан кој се снабдува со топлинска енергија кон стан кој не се снабдува со топлинска енергија, односно од подрачје со повисока температура кон подрачје со пониска температура, предизвикуваат преземање на топлинска енергија од приклучените станови во колективното домување и дека заради појавата на кондукција (пренос) на топлина исклучените станови од грејната инсталација во објектите за колективно домување се подгреваат на сметка на приклучените, а исклучените само се догреваат до бараната температура и затоа имаат помал трошок на греење во однос на оние кои се уредно приклучени на грејната инсталација. Меѓутоа, сметам дека ваквите наводи во одговорот, независно на целисходноста на која упатуваат, а која беше клучна за мнозинството судии при одлучувањето, не се од значење за прашањето на уставноста на оспорената одредба, туку се прашања од облигационо правен однос за чии спор може да биде надлежен само редовен суд.

Поради наведеното, сметам дека за одредбата од Правилата со која се утврдува обврска за поединечно исклучените корисници од системот на топлификација, во објектите на колективно домување, да плаќаат за парно греење иако јасно се изјасниле дека не сакаат да бидат корисници на таква услуга, основано може да се постави прашањето за нејзината согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и со член 28 од Законот за енергетика.

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија
Бранко Наумоски, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2076.

Комисијата за хартии од вредност на РМ врз основа на член 101 од Законот за хартии од вредност (“Службен весник на Република Македонија‘‘, бр. 95/05, 25/07, 07/08, 57/10, 135/11 и 13/2013) постапувајќи по Барањето на брокерската куќа Инвестброкер АД Скопје бр. 08-УП1-24 од 9.5.2013 година на седницата одржана на ден 6.6.2013 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност за именување на Кирил Митровски, дипломиран економист, за извршен член на брокерската куќа Инвестброкер АД Скопје.

2. Согласноста за именување на Кирил Митровски за извршен член на брокерската куќа Инвестброкер АД Скопје, се дава за период од (4) четири години, согласно на Одлука бр.289/13 од 17.05.2013 година донесена од страна на Одборот на директори на брокерската куќа Инвестброкер АД Скопје.

3. Ова Решение престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение со денот на разрешување на лицето Кирил Митровски од функцијата извршен член на брокерската куќа Инвестброкер АД Скопје, со денот на одземање на согласноста за именување на извршен член од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-УП1-24
6 јуни 2013 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

2077.

Врз основа на член 152 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013 година), постапувајќи по барањето бр.08-УП1-28 од 21.5.2013 година Комисијата за хартии од вредност на РМ на седницата одржана на ден 6.6.2013 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНЕН СОВЕТНИК

1. Се обновува дозволата за работење на инвестиционен советник на Благој Митров од Пробиштип издадена со Решение број 07-2672/3 од 16.7.2008 година на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

2. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Благој Митров се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Благој Митров престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 213 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-УП1-28
6 јуни 2013 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

2078.

Врз основа на член 114 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија", бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013 година), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по Барањето бр. 08-УП1-32 од 21.5.2013 година, на седницата одржана на ден 6.6.2013 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

1. Се обновува дозволата за работење на брокер на Даринка Дамјановиќ од Скопје, издадена со Решение бр. 07-2956/6 од 20.08.2008 година.

2. Обновената дозвола за работење на брокер на Даринка Дамјановиќ се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Даринка Дамјановиќ престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник на Република Македонија.

Бр. 08-УП1-32
6 јуни 2013 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

2079.

Врз основа на член 152 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013 година), постапувајќи по барањето бр.08-УП1-33 од 21.5.2013 година Комисијата за хартии од вредност на РМ на седницата одржана на ден 6.6.2013 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНЕН СОВЕТНИК

1. Се обновува дозволата за работење на инвестиционен советник на Горан Марковски од Скопје издадена со Решение број 07-3009/3 од 20.8.2008 година на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

2. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Горан Марковски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на инвестиционен советник на Горан Марковски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 213 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-УП1-33
6 јуни 2013 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

2080.

Врз основа на член 190 став 1 и член 150 став 5 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 6.6.2013 година, донесе:

П Р А В И Л Н И К
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА ПОСЕБЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за инвестиционо советување („Службен весник на РМ“ бр.145/2010, 30/2011 и 157/2011), член 9 став 1 алинеја 1 се менува и гласи:

„- да има најмалку VII/1 степен на образование или 240 кредити според ЕКТС.

Член 2

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за инвестиционо советување и го објавува на својата веб страна.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-1088/1
6 јуни 2013 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НА РМ

2081.

Врз основа на член 17 точка ж) и член 75 став (6) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008, 83/2010, 13/2012, 59/2012, 123/2012 и

23/2013), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 14.6.2013 година донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКА НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции.

Член 2

(1) Пресметката на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции се врши според следните критериуми: вид на радиослужба, доделен радиофреквенциски опсег, широчина на доделени радиофреквенциски канали, вид на радиостаница, област на покриеност, големина на сервисна зона (населено место/број на жители), ефективна височина на антената, заедничко користење на иста фреквенција или комбинација од истите.

(2) Надоместокот за користење на радиофреквенции се изразува во бодови.

(3) Вредноста на бодот изнесува 1 евро во денарска противвредност, пресметана по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија на денот на фактурирањето.

II. ФИКСНА СЛУЖБА

Член 3

За користење на радиофреквенции во фиксната служба бројот на бодовите се утврдува според радиофреквенцискиот опсег и широчината на доделените радиофреквенциски канали и изнесува:

а) за системи точка-точка (point to point), бројот на бодовите Np-p се
утврдува според формулата:

Np-p = 5 x B x F

- коефициентот B е еднаков на широчината на доделениот радиофреквенциски канал на предавателот (Tx) изразен во kHz и поделен со 25 kHz.

б) за системи точка-повеќе точки (point to multipoint), бројот на бодовите Npmp се утврдува според формулата:

Np-mp = 3 x B x F

- коефициентот B е еднаков на вкупната широчина на доделениот фреквенциски пар (Tx + Rx) изразена во kHz и поделен со 25 kHz.

Коефициентот F зависи од радиофреквенцискиот опсег и изнесува:

Радиофреквенциски опсег	F
До 29,7 MHz	20
Од 29,7 MHz до 960 MHz	5
Од 960 MHz до 2300 MHz	0.5
Од 2.300 MHz до 5.000 MHz	0.4
Од 5.000 MHz до 10.000 MHz	0.3
Од 10.000 MHz до 20.000 MHz	0.2
Над 20.000 MHz	0.1

в) за системи за широкопојасен безжичен пристап (FWA), бројот на бодовите Nbwa е утврдува според формулата:

Nbwa = 28 x B x F x R

- коефициентот B е еднаков на вкупната широчина на доделените радиофреквенциски канали (Rx + Tx) изразена во MHz и поделена со 1 MHz.

- коефициентот F зависи од радиофреквенцискиот опсег и изнесува:

Радиофреквенциски опсег	F
До 3.400 MHz	2
Од 3.400 MHz до 4.200 MHz	5
Од 5.000 MHz до 20.000 MHz	4
Над 20.000 MHz	2

- коефициентот R зависи од големината на сервисната зона (населени места) и изнесува:

Населени места	R
Територија на РМ	4
Регион 1: Град Скопје, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани, Сопиште, Чучер Сандево и Арачиново	2
Регион 2: Куманово, Липково, С.Нагоричане, Ранковце, Кр.Паланка, Кратово, Штип, Виница, Св.Николе, Кочани, Лозово, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Карбинци, Зрновци, Берово, Пехчево, Делчево и Македонска Каменица	1.2
Регион 3: Велес, Чашка, Градско, Росоман, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Струмица, Радовиш, Конче,Василево, Босилево, Ново Село, Гевгелија, Валандово, Богданци и Дојран	1
Регион 4: Битола, Прилеп, Демир Хисар, Крушево, Долнени, Кривогаштани, Могила, Новаци и Ресен	1
Регион 5: Охрид, Струга, Дебарца , Вевчани, Кичево, М.Брод, Другово, Зајас, Осломеј, Вранештица, Пласница, Дебар и Центар Жупа	1
Регион 6: Тетово, Гостивар, Теарце, Јегуновце, Желино, Брвеница, Боговиње, Врапчиште, Маврово и Ростуше	1,2

г) за линкови за пренос на аудио и/или видео сигнал бројот на бодовите изнесува:

- за телевизија 70
- за звучна радиодифузија 17
- за преносен/мобилен линк за ТВ 105
- за преносен/мобилен линк за радио 52

III. КОПНЕНА МОБИЛНА СЛУЖБА

Член 4

За користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба бројот на бодовите се утврдува според широчината на доделените радиофреквенциски канали и ефективната височина на антената и изнесува:

а) за радио мрежи со базни (репетиторски) станици бројот на бодови S се пресметува за секој фреквенциски пар посебно според формулата:

S = 50 x (B + K)

- коефициентот B е еднаков на вкупната ширина на доделениот фреквенциски пар (Tx+Rx) изразена во kHz и поделена со 25 kHz.

- коефициентот K зависи од максималната ефективна височина на предавателната антена и изнесува:

Heff. max. (m)	K
До 75 м	1.0
Од 75 м до 150 м	1.1
Од 150 м до 300 м	1.2
Од 300 м до 600 м	1.4
Над 600 м	1.5

б) за користење на една фреквенција (симплекс) бројот на бодови S изнесува:

S = 50 x B

в) за користење на една фреквенција (симплекс) на цела територијата на Република Македонија бројот на бодови S1 изнесува:

S1 = 150 x B

г) за користење на симплексна фреквенција изведена од семидуплексен канал не се плаќа надоместок;

д) за користење на фреквенции за јавни мобилни комуникациски мрежи (GSM, DCS 1800, UMTS/IMT 2000, LTE) бројот на бодовите се утврдува по доделен радио фреквенциски опсег од 1 MHz и изнесува:

- во опсегот до 862 MHz 14.350
- во опсегот од 862 MHz до 960 MHz 28.700
- во опсегот над 960 MHz 21.000

ѓ) за јавна телекомуникациска DECT мрежа (Digital European Cordless Telecommunications System) бројот на бодовите се утврдува по доделен радиофреквенциски опсег и изнесува:

- за доделен фреквенциски опсег од 1 MHz 35

IV. РАДИОДИФУЗНА СЛУЖБА

Член 5

(1) За користење на радиофреквенции во радиодифузната служба (VHF и UHF фреквенциски опсег) бројот на бодовите N се утврдува според: ефективната височина на предавателната антена, големината на сервисната зона (населено место/број на жители) и заедничкото користење на иста фреквенција, по формулата:

N = 35 x A x G x Z x 1/T

- коефициентот A изнесува:

- за звучна радиодифузија A = 0.1
- за телевизија A = 0.2

- коефициентот G зависи од големината на сервисната зона (населено место) и изнесува:

Населено место	G
Територија на РМ	18
Скопје	12
Битола, Куманово и Тетово	9
Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Неготино, Охрид, Прилеп, Радовиш, Струга, Струмица и Штип	6

За останатите сервисни зони (населени места) кои не се наведени во табелата, коефициентот G = 3.

- Коефициентот Z зависи од сервисната зона (број на жители) и изнесува:

Број на жители во сервисната зона	Z
До 5.000	9
До 5.000 - 10.000	13.5
До 10.000 – 30.000	18
До 30.000 – 50.000	22.5
До 50.000 – 100.000	27
До 100.000 - 500.000	31.5
До 500.000 – 1.000.000	54
Над 1.000.000	90

- коефициентот T е број на корисници кои заеднички користат иста фреквенција во иста сервисна зона, но во различно време (time shearing).

(2) За користење на радиофреквенциии за емитување радио програма во опсегот на долги, средни и кратки бранови (LF, MF и HF фреквенциски опсези) бројот на бодовите изнесува 50% од вкупниот број на бодови N за звучна радиодифузија определен во став 1 на овој член.

V. САТЕЛИТСКА СЛУЖБА

Член 6

(1) За користење на радиофреквенции во сателитска служба бројот на бодовите се утврдува според доделениот радиофреквенциски опсег и изнесува:

а) Фиксна земска станица (Fixed Earth Station):
- за радио фреквенциски опсег до 100 kHz 70
- за радио фреквенциски опсег до 200 kHz 175
- за радио фреквенциски опсег до 500 kHz 350
- за радио фреквенциски опсег до 1 MHz 700
- за радио фреквенциски опсег до 2 MHz 1750
- за радио фреквенциски опсег над 2 MHz 3500

б) VSAT главна станица (HUB Station):
- за радио фреквенциски опсег до 100 kHz 70
- за радио фреквенциски опсег до 200 kHz 175
- за радио фреквенциски опсег до 500 kHz 350
- за радио фреквенциски опсег до 1 MHz 700
- за радио фреквенциски опсег до 2 MHz 1750
- за радио фреквенциски опсег над 2 MHz 3500

в) VSAT терминал:

- за фреквенциски опсег до 100 kHz	35
- за фреквенциски опсег до 200 kHz	70
- за фреквенциски опсег до 500 kHz	175
- за фреквенциски опсег до 1 MHz	350
- за фреквенциски опсег над 1 MHz	700

г) SNG сателитска станица
(Satellite News Gathering) 3500

д) глобални мобилни персонални комуникациски системи (GMPCS):
- за доделен фреквенциски опсег од 1 MHz 350

(2) За привремено користење на радиофреквенции за VSAT/ SNG бројот на бодовите, независно од широчината на доделениот опсег изнесува:

- за VSAT терминал	87
- за SNG сателитска станица	350

VI. ВОЗДУХОПЛОВНА СЛУЖБА, РАДИОНАВИГАЦИСКА СЛУЖБА И ВНАТРЕШНА ПЛОВИДБА

Член 7

За користење на радиофреквенции во воздухопловна и радионавигациска служба и за внатрешна пловидба бројот на бодовите се утврдува според видот на радиостаницата и изнесува:

- за радиостаница на земја	14
- за радиостаница во воздухоплов со максимална полетна маса од 2750 кг до 5700 кг	14
- за радиостаница во воздухоплов со максимална полетна маса над 5700 кг	350
- за радиостаница за навигација, идентификација, одредување на положба, сигнализација и др.	14
- за радиостаница на пловен објект	7

VII. СЛУЖБИ ЗА ПОСЕБНА НАМЕНА

Член 8

За користење на радиофреквенции за службите за итна медицинска помош и други здравствени организации, противпожарните и спасувачки служби се плаќа надоместок во висина од 10% од вкупниот број на бодови пресметан во соодветната радиослужба.

VIII. ПРИВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ

Член 9

По исклучок од член 6 став 2 на овој правилник за користење на радиофреквенции за време не подолго од 90 дена бројот на бодовите изнесува 25% од вкупниот број на бодови пресметан во соодветната радиослужба.

IX. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 10

Надоместокот за користење на радиофреквенции се плаќа на сметка на Агенцијата за електронски комуникации за секоја тековна година однапред почнувајќи од датумот на издавање на Одобрението за користење на радиофреквенции.

X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции, објавен во „Службен весник на Република Македонија бр. 2/2008).

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

По влегувањето во сила правилникот ќе биде објавен и на веб страната на Агенцијата.

Бр. 0201-1998/1
17 јуни 2013 година
Скопје

Директор,
Робер Орданоски, с.р.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

2082.

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012 и 16/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 мај 2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО – КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 164/2008, 22/2009, 33/2010, 92/2010, 96/2010, 108/2010, 122/2010, 147/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 153/2011, 155/2011, 164/2011, 181/2011, 54/2012, 84/2012, 18/2013 и 54/2013), во член 2, во делот биохемиски анализи кај хормоналниот статус (БА11), по услугата БА11/30 се додаваат следните услуги:

Шифра	Назив на услуга	Референтна цена
БА11/31	Хормон за раст (STH)	550
БА11/32	SHBG (sex hormone binding globulin)	550

Во делот на рендгенско испитување на млечна жлезда (Мамографија), после услугата со шифра РД0103 се додава следната услуга:

Шифра	Назив на услуга	Референтна цена
РД0104	Галактографија	2.100

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр.02-6210/6
10 мај 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.

2083.

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012 и 16/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 10 мај 2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА-АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010, 154/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 181/2011 и 138/2012), во член 2, во табелата со поднаслов - Пакети на здравствени услуги за максилофацијална хирургија, по услугата АМФХ8 се додава следната табела:

ПАКЕТИ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА - МАЛА САЛА

Шифра	Назив на пакет	Референтна цена
АМФХ9	Хируршки интервенции при трауматски повреди на забите- вадење интрамаксиларна фиксација , оперативно вадење на жица - остеосинтеза	3.000
АМФХ10	Патолошки промени на кожа и меки ткива на глава и врат со екцизија или биопсија или ектирпација на хемангиом	2.400
АМФХ11	Вадење на камен од жлезда	2.450
АМФХ12	Неуроексхереза	2.200

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр.02-6210/7
10 мај 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.

2084.

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012 и 16/2013) и член 95 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 54/2012, 138/2012, 164/2012, 57/2013 и 64/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 10 мај 2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2011, 5/12, 29/12, 79/12 и 64/2013), во членот 1 се додава нова точка „27. Барање за надомест на средства за извршени здравствени услуги за дијализа во странство (Образец ДС).

Образецот од став 1 на овој член е даден во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

Бр.02-6210/9
10 мај 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.

Образец на барање **ДС**

БАРАЊЕ
за надомест на средства за извршени здравствени услуги за дијализа во странство

Од осигуреникот _____ (за член на семејство _____) од населено место_____ ул._____ бр._____ телефон _____.

Број на здравствена легитимација	- -
ЕМБГ на осигуреникот (носител) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот	
ЕМБГ на осигуреното лице (член на семејство) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот (на членот)	
Вработен во/осигурен преку	
Број на трансакциска сметка	

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба _____, врз основа на приложената документација кон барањето да ми ги надомести направените трошоци за извршени здравствени услуги за дијализа за време на престојот во _____ _____

(се наведува здравствената установа, градот и државата)

во периодот од _____ *до* _____ *година.*

Кон барањето ја приложувам следната документација (да се заокружи):

1. Медицинска документација за извршените здравствени услуги за дијализа во странство преведена од овластен преведувач;
2. Сметки/ фактури со доказ за плаќање за платените здравствени услуги за дијализа преведени од овластен преведувач
3. Доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето

Место и датум на поднесување: _____

Подносител на барањето: _____

2085.

Врз основа на член 30 и 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 26/2012 и 16/2013), и член 43 од Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на Република Македонија“ број _____ година), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 10 мај 2013, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Во Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2011, 53/2012 и 18/2013), во членот 1 обрасците со реден број:

- 1. Барање за болничко лекување во странство (образец Л1);
- 2. Барање за продолжување на лекување во странство и/или признавање на дополнителни трошоци (образец Л2);
- 3. Барање за надомест на средства за користење на здравствени услуги во странство-итен случај (образец Л3);
- 4. Барање за контролен преглед во странство по извршено болничко лекување во странство на товар на ФЗОМ (образец Л4);
- 5. Барање за надомест на средства за превоз на починато лице при болничко лекување во странство на товар на ФЗОМ (образец Л5), се заменуваат со нови обрасци.

Обрасците од став 1 на овој член се дадени во прилог на оваа одлука и се нејзин составен дел.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.02-6210/10
10 мај 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.

_____

2086.

Врз основа на член 25, член 28, член 54 став 1 точка 10 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006,18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012 и 16/2013) и член 10 став 2 и член 21-а од Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 54/2012, 164/2012, 57/2013 и 64/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 10 мај 2013 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ, ПРИСТАП, ИЗДАВАЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ НА ФЗОМ ДОСТАПНИ НА ВЕБ ПОРТАЛОТ

Член 1

Во Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информациониот систем на ФЗОМ достапни на ВЕБ порталот („Службен весник на Република Македонија“ број 57/2013 година), во член 9 став 5 зборовите: „во наредниот период“ се заменуваат со зборовите: „по овозможување на технички услови“.

Член 2

Во член 12 став 1 по зборовите: „кој е регистриран во Фондот“ се става точка а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По зборовите „(адреса на живеење, адреса на престојувалиште, контакт телефон, емаил адреса)“ се става точка а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 3

Во член 14 став 1 зборовите: „избор/промена на избран матичен лекар“ се заменуваат со зборовите „додека лекарите вработени во здравствените установи може да направат избор/промена на избран матичен лекар, по добиена согласност од осигуреникот.“

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр.02-6210/3
10 мај 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.

_____

2087.

Врз основа на член 28, член 54 став 1 точка 10 и 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000,50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009,67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011 26/2012 и 16/2013) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 мај 2013 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 54/2012 ,138/2012, 164/2012, 57/2013 и 64/2013) во член 15 став 1 по зборовите “училишна медицина“ се додаваат зборовите “сите со приложена лиценца за работа од општа медицина“.

Во член 15 став 3 на крајот од реченицата се додаваат зборовите "со приложена лиценца за работа од општа стоматологија".

Член 2

Во член 17 став 1 зборот "одбие" се заменува со зборовите: "откаже направениот".

Член 3

Во член 19 став 1 точка 3 зборовите: "односно лекарот" се бришат.

Член 4

Членот 20 се менува и гласи:

„Изборот на лекар за сите осигурени лица кои имаат електронска здравствена картичка се врши преку веб- порталот на Фондот.

Изјавата лекарот ја пополнува електронски со што осигуреното лице во истиот момент го врши изборот на лекарот.

За осигурените лица кои сеуште немаат електронска здравствена картичка, изборот на лекар се врши со пополнување на изјава за избор - промена на лекар на пропишан образец.

Изјавата од став 3 на овој член се потполнува во два примероци од кои едниот останува во здравствениот картон на осигуреното лице кај избраниот лекар, а другиот избраниот лекар го доставува до подрачната служба на Фондот за евиденција."

Член 5

Членот 21 се менува и гласи:

„Промената на избраниот лекар со одјава од претходниот лекар и пријава кај новиот лекар за сите осигурени лица кои имаат електронска здравствена картичка се врши преку веб-порталот на Фондот кај новоизбраниот лекар.

За осигурените лица кои сеуште немаат електртронска здравствена картичка, промената на избраниот лекар се врши кај новоизбраниот лекар со пополнување на образец одјава-пријава за избор на лекар.

За осигурените лица од став 2 на овој член, новата изјава за избор на лекар новоизбраниот лекар ја доставува до подрачната служба на Фондот.

Промената на избраниот лекар за осигурените лица од став 1 и 2 на овој член се врши во ист ден.

Фондот по службена должност ќе изврши колективна одјава на осигурените лица од избраниот лекар во случај на престанок на работа на избраниот лекар или поради раскинување на договорот со Фондот.

При промена на избраниот лекар, здравствениот картон се пренесува кај ново избраниот лекар, по барање на осигуреното лице."

Член 6

По членот 62 се додава нов член 62-а кој гласи:

„ОСТВАРУВАЊЕ НА ДИЈАЛИЗА ВО СТРАНСТВО

Член 62-а

Осигурените лица кои привремено престојуваат во странство, на товар на средствата на Фондот еднаш во годината и тоа не подолго од 30 дена, може да користат дијализа во странска здравствена установа.

Платените здравствени услуги од ставот 1 на овој член, Фондот ги признава во висина на утврдената референтна цена за дијализа, намалени за висината на пропишаното учеството, врз основа на поднесено барање од осигуреното лице."

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерот за здравство.

Бр.02-6210/11
10 мај 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.

2088.

Врз основа на член 30 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012 и 16/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 мај 2013 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО СТРАНСТВО

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на користење на болничко лекување на осигурените лица во странство, начинот на користење на двојазични обрасци за упатување на лекување во странство со земји со кои е склучен или превземен Договор за социјално осигурување и во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство, постапката за склучување на договори со странските болници, начинот на користење на здравствени услуги во приватна здравствена установа во Република Македонија, здравствени услуги на осигурениците кои се упатени на привремена работа во странство или кои привремено престојуваат во странство по друг основ, итна медицинска помош на осигурените лица кои привремено престојуваат во странство, најповолните цени на здравствени услуги во странство, како и надоместувањето на патните трошоци и трошоците за пренос на посмртни останки на умрено лице.

Покрај услугите од став 1 на овој член осигуреното лице може да користи во странство и здравствени услуги на контролни прегледи кои се однесуваат на веќе извршено болничко лекување во странство, одобрено од страна на Фондот, а кои не можат да се извршат во Република Македонија.

Како контролни прегледи во странство се сметаат и прегледи во врска со проверка на функционалноста на веќе вградени инпланти и нивна поправка и/ или замена на дел од имплантот во странска здравствена установа која го вградила инплантот или во овластен сервисер во странство, доколку таа услуга не може да се изврши во Република Македонија.

Доколку за сервисирање, поправка и/или замена на дел од имплантот од став 3 на овој член постои овластен сервисер во Република Македонија, правото на здравствената услуга се остварува согласно одредбите на член 9 од Законот за здравственото осигурување, како надоместок на трошоците за извршена здравствена услуга.

II. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА БОЛНИЧКО

ЛЕКУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО

Постапка за остварување на право на болничко лекување во странство

Член 2

Постапката за упатување на лекување во странство се поведува по барање на осигуреното лице.

За малолетните лица и лицата лишени од деловна способност, барањето го поднесува родителот, посвоителот или старателот.

Член 3

Барањето од член 2 на овој правилник се поднесува до Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фонд) или преку подрачната служба на Фондот во местото каде што подносителот на барањето е пријавен во задолжително здравствено осигурување.

Кон барањето од член 2 на овој правилник осигуреното лице поднесува:

- предлог за упатување на лекување во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје;
- потребната медицинска и друга документација за текот на лекувањето во здравствените установи во Републиката.

Осигуреното лице на кое му е утврдено својство на дете со посебни потреби кон барањето од член 2 на овој правилник поднесува решение од Министерството за труд и социјална политика - Центар за социјални работи.

Член 4

Предлогот за упатување на лекување во странство го дава клинички конзилиум од најмалку тројца лекари субспецијалисти/специјалисти и директорот на соодветната универзитетска клиника во Скопје и важи шест месеци од денот на издавањето.

Предлогот за упатување на лекување во странство, ги содржи основните податоци за осигуреното лице, почетокот и текот на болеста, начинот на лекувањето, лабораториските, радиодијагностички и други дијагностички испитувања врз основа на кои е поставена дијагнозата, мислење дека заболувањето не може со успех да се лекува во Републиката, со предлог осигуреното лице да се упати на болничко лекување во странство.

Во случај кога во предлогот за упатување на лекување во странство е наведено дека здравствената состојба на осигуреното лице е виталнозагрозувачка односно постои непосредна опасност по неговиот живот тогаш клиничкиот конзилиум дава мислење и во која земја и странска здравствена установа постојат можности за успешно лекување на тоа заболување.

Обезбедување на профактури од странски здравствени установи

Член 5

Осигуреното лице кон барањето од член 2 и член 3 на овој правилник, може да достави една или повеќе профактури од странски здравствени установи со трошоци за болничкото лекување или контролен преглед.

Во случај ако осигуреното лице не достави ниту една профактура согласно став 1 од членот 5 на овој правилник, Фондот по службена должност ќе пристапи кон прибавување на истата.

Фондот има право да прибави повеќе профактури од странските здравствени установи вкучувајќи ги и здравствените установи од референтните земји Република Словенија, Република Хрватска, Република Бугарија и Република Србија како и од здравствените установи во земјите со кои Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство, доколку има потреба од истите.

Трошоците во доставените профактури од странските здравствени установи кои се однесуват на дијагностичка постапка, контролни прегледи пред да започне болничкото лекување на осигуреното лице во странство како и контролни прегледи по завршување на болничкото лекување во странство за кои осигуреното лице не спровело постапка пред Фондот и сите останати трошоци кои не се предвидени како трошок за лекување во странство со овој правилник, не паѓаат на товар на Фондот.

Првостепена и Второстепена лекарска комисија

Член 6

Врз основа на предлогот за упатување на лекување во странство и бараната документацијата согласно член 3, член 4 и член 5 оценка и мислење за потребата од лекување во странство дава Првостепената, односно Второстепената лекарска комисија за лекување во странство при Фондот.

Член 7

Првостепената лекарска комисија ја формира Директорот на Фондот и се состои од 7 членови со 7 заменици од истакнати медицински лица од различни субспецијалности.

Првостепената лекарска комисија има претседател и заменик претседател кои ја организираат и учествуваат во работата на комисијата.

Првостепената лекарска комисија работи во состав од најмалку 4 члена, со тоа што Претседателот/заменик претседателот го одредува составот од редот на членовите на комисијата, во зависност од видот на заболувањата кои се разгледуваат на седницата.

Во случај на отсуство на некој од членовите на седницата присуствува заменик член. За спреченоста да присуствува на седница, членот на комисијата е должен да го извести претседателот или заменик претседателот, преку секретарот на комисијата.

Претседателот/заменик претседателот на Првостепената лекарска комисија ги свикува и ги води седниците.

Составот на Првостепената лекарска комисија од став 3 на овој член води записник за својата работа и дава наод, оценка и мислење кои ги потпишуваат сите членови присутни на седницата.

Првостепената лекарска комисија одлуките ги донесува со мнозинство од вкупниот број на членови.

Во работата на седниците на Првостепената лекарска комисија за упатување на лекување во странство учествува и стручен работник на Фондот во својство на секретар на комисијата, а поради давање на потребни податоци, објаснување и запознавање на комисијата со предметот што се разгледува.

Член 8

Второстепената лекарска комисија ја формира Управниот одбор на Фондот и се состои од 7 членови со 7 заменици од истакнати медицински лица од различни субспецијалности.

Второстепената лекарска комисија има претседател

и заменик претседател кои ја организираат и учествуваат во работата на комисијата.

Во случај на отсуство на некој од членовите на седницата присуствува заменик член. За спреченоста да присуствува на седница, членот на комисијата е должен да го извести претседателот или заменик претседателот, преку секретарот на комисијата.

Второстепената лекарска комисија работи во состав од најмалку 4 члена, со тоа што Претседателот/заменик претседателот одредува составот од редот на членовите на комисијата, во зависност од видот на заболувањата кои се разгледуваат на седницата.

Претседателот/заменик претседателот на Второстепената лекарска комисија ги свикува и ги води седниците.

Второстепената лекарска комисија води записник за својата работа и дава наод, оценка и мислење кои ги потпишуваат сите членови присутни на седницата.

Второстепената лекарска комисија одлуките ги донесува со мнозинство од вкупниот број на членови.

Во работата на седниците на Второстепената лекарска комисија за упатување во странство учествува и стручен работник на Фондот во својство на секретар на комисијата, а поради давање на потребни податоци, објаснување и запознавање на комисијата со предметот што се разгледува.

Постапка пред Првостепената и Второстепената лекарска комисија за донесување на првостепено решение

Член 9

Првостепената лекарска комисија одржува седници најмалку 2 пати во месецот.

На закажаната седница на Првостепената комисија секретарот ги доставува сите комплетирани предмети согласно член 3, член 4 и член 5 од правилникот, како и сите останати предмети за кои е потребно да се посоветува со членовите на комисијата.

Првостепената комисија го разгледува секој предмет поединечно и за секој дава наод, оценка и мислење или укажува дека е потребно мислење од некоја здравствена установа од Републиката, прибавување на дополнителни податоци или профактури за соодветната здравствена услуга.

Наодот, оценката и мислењето на комисијата треба да е јасен и недвосмислен, при што се наведува земјата и здравствената установа во која осигуреникот се упатува.

Второстепената лекарска комисија задолжително ги преиспитува позитивните наоди, оценки и мислења на Првостепената лекарска комисија во рок од 7 дена.

Секретарот на Првостепената лекарска комисија сите позитивни наоди, оценки и мислења во рок од 1 ден ги предава на секретарот на второстепената комисија со цел истиот да ги подготви за седницата на која Второстепената лекарска комисија ќе ги преиспитува истите со давање на конечно мислење.

За сите негативни наоди, оценки и мислења од страна на Првостепената лекарска комисија секретарот веднаш изготвува Решение со кое барањето на осигуреникот се одбива. Решението го донесува Директорот на Фондот, кое претходно со свој потпис го потврдува Претседателот/Заменик Претседателот на Првостепената лекарска комисија.

При преиспитување на позитивниот наод, оценка и мислење од страна на Првостепената лекарска комисија, Второстепената лекарска комисија дава позитивен или негативен наод, оценка и мислење врз основа на кое на секретарот на Првостепената лекарска комисија изготвува Решение кое го донесува Директорот на Фондот, а претходно со свој потпис го потврдува Претседателот/Заменик претседателот на Првостепената односно Второстепената лекарска комисија.

Итен случај

Член 10

Доколку во Предлогот за упатување на лекување во странство е наведено дека се работи за итен случај секретарите се должни во најкус можен рок да ги известат претседателите/замениците на претседателите на Првостепената, односно Второстепената лекарска комисија со цел да се закаже седница на која истите врз основа на расположливата документација во предметот, ќе дадат наод, оценка и мислење.

При итни случаи Првостепената и Второстепената лекарска комисија заседаваат во ист ден.

Оценка и мислење на Првостепена односно Второстепена лекарска комисија

Член 11

Оценката и мислењето на Првостепената и Второстепената лекарската комисија содржи податоци за следново:

- дали се исцрпени сите можности за лекување во земјата, вклучително и можноста предвидена со член 27 со овој правилник;
- дали постојат можности за успешно лекување на заболувањето во странство, во која земја, односно во која странска болничка здравствена установа;
- вид на лекување кое се предлага и времето потребно за лекување во странство;
- дали на осигуреното лице му е потребен придружник, односно стручен придружник и за кое време (само при заминување, само при враќање, при враќање и заминување или за сето време на лекувањето во странство);
- погодно превозно средство (воз, автобус, авион, кола за санитетски превоз) и начинот на превозот;
- потребата од продолжување на болничкото лекување и дополнителни трошоци во странската здравствена установа.

Придружник

Член 12

На осигуреното лице на кого при патување на лекување во странство му е неопходно потребна медицинска и друга помош, кој е глувонем, слеп, неподвижен, на дете до 18 години возраст од животот и лице кое поради одредени физички и психички причини не може сам да патува, може да му се одобри придружник, односно стручен придружник при одење и враќање.

По исклучок од став 1 на овој член за придружник на дете до 3 години возраст може да му се одобри сместување во болничка здравствена установа за сето време на болничкото лекување.

Член 13

Кога повеќе осигурени лица истовремено се упатуваат на лекување во странство, во иста земја и во исто место, може да се одобри еден стручен придружник.

Донесување на решение за лекување во странство

Член 14

Врз основа на документацијата од член 3, член 4 и член 5 на овој правилник по добиената согласност од странската здравствена установа за прифаќање на лекувањето во која е одреден термин за прием на лекување и по добиената оценка и мислење на Првостепената и

Второстепената лекарска комисија, осигуреното лице врши уплата на лично учество од доставената профатура на странската здравствена установа, за лекување во странство, освен осигурените лица кои се ослободени од учество.

Осигуреното лице врши уплата на учеството од став 1 на овој член и во сите случаи кога е добиена согласност за лекување од странската здравствена установа иако не е добиен термин за прием во странската здравствена установа на осигуреното лице.

Фондот донесува решение за упатување на лекување во странство по оценката и мислењето од Првостепената и Второстепената лекарска комисија и извршената уплата за учество од став 1 на овој член.

Решението за упатување на лекување во странство задолжително ги содржи следниве елементи:

- земјата, местото, здравствената установа во која осигуреното лице се упатува на лекување;
- времетраење на лекувањето;
- дали се обезбедува придружник;
- правото на патните трошоци, начинот на превозот и видот на превозното средство;
- начинот на плаќање на трошоците за лекување;
- износот на учеството на осигуреното лице во трошоците за лекување;
- должноста на осигуреното лице, односно придружникот да поднесат писмен извештај со потребна документација за извршеното болничко лекување;
- постапката за потребата од продолжување на болничкото лекување и дополнителни трошоци во странската здравствена установа.

Решението кое не ги содржи елементите од став 4 на овој член е неподобно за административно извршување.

Во случај на упатување на лекување во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување, во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство и осигуреното лице е упатено на лекување во здравствена установа во која се применува Договорот за социјално осигурување по донесување на решението од став 4 на овој член Подрачната служба на Фондот во местото каде што осигуреното лице е пријавено во задолжително здравствено осигурување го издава двојазичниот образец.

Член 15

По исклучок од членот 14 на овој правилник, во случај кога здравствената состојба на осигуреното лице е таква да постои непосредна опасност по неговиот живот (виталнозагрозувачка), Фондот донесува решение за упатување на лекување на осигуреното лице за лекување во странство по итна постапка, на предлогот за упатување на лекување во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје и врз наод, оценка и мислење на Првостепената и Второстепената лекарска комисија за упатување на лекување во странство.

Решението од став 1 на овој член Фондот го донесува врз основа на:

- барање за болничко лекување во странство, кое се поднесува согласно став 1 на член 3 од овој правилник;
- предлог за упатување на лекување во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје во кој клиничкиот конзилиум дава и мислење во која странска здравствена установа да се упати на болничко лекување осигуреното лице;
- профактура од странската здравствена установа;
- потребната медицинска документација и друга документација за текот на лекувањето во здравствените установи во републиката;
- оценка и мислење од Првостепената и Второстепената лекарска комисија на Фондот за потребата од итност за упатување на болничкото лекување во странската здравствена установа и
- извршена уплата на учество со лични средства во трошоците за лекувањето.

Жалба

Член 16

Против решението на Фондот, осигуреното лице може да поднесе жалба, во согласност со член 31 став 16 од Законот за здравственото осигурување.

Управниот одбор на Фондот одлучува за жалбите со донесување на решение согласно член 17 од овој правилник.

Постапка пред Второстепената лекарска комисија за донесување на решение по жалба

Член 17

Второстепената лекарска комисија дава наод, оценка и мислење за предметите по кои е изјавена жалба.

Второстепената лекарска комисија одржува седници најмалку 2 пати во месецот.

На закажаната седница на Второстепената лекарска комисија секретарот ги доставува сите комплетирани предмети по жалба.

Второстепената лекарска комисија го разгледува секој предмет поединечно и дава позитивен или негативен наод, оценка и мислење.

Наодот, оценката и мислењето на комисијата треба да е јасен и недвосмислен, при што за позитивните мислења се наведува земјата и здравствената установа во која осигуреникот се упатува, а во негативните причините зошто така е одлучено.

Секретарот согласно дадениот наод, оценка и мислење изготвува позитивно или негативно решение кое со свој потпис го потврдува Претседателот/заменик претседателот на Второстепената лекарска комисија, а го потпишува Претседателот на Управниот одбор, односно заменик претседателот во услови на спреченост, односно отсуство на претседателот.

Уплата на средства за лекување во странство

Член 18

Фондот врши уплата на средствата за лекување во странство на странската здравствена установа за осигуреното лице кое е упатено со решение од Фондот, во земја со која Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување како и во случај осигуреното лице да е упатено на лекување во здравствена установа во која не се применува Договорот за социјално осигурување по закажан термин за прием на лекување во странската здравствена установа.

Фондот врши уплата на средствата за лекување во странство на странскиот Фонд за здравствено осигурување (здравствено – осигурителна каса), за осигуреното лице кое е упатено со решение на Фондот и со двојазичен образец во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување, во кој е регулирана можноста за упатување на лекување во странство и осигуреното лице е упатено на лекување во здравствена установа во која се применува Договорот за социјално осигурување, согласно одредбите на овој договор.

Постапка за продолжување на лекувањето и признавање на дополнителни трошоци

Член 19

Лекувањето во странство, осигуреното лице го остварува најдолго во траење утврдено со решението.

Ако во текот на лекувањето на осигуреното лице постојат оправдани причини за продолжување на истото на предлог на странската здравствена установа во која осигуреното лице се лекува и доколку за лекувањето настанат дополнителни трошоци, Фондот може да му признае право на продолжување на одобреното лекување и надомест на дополнителните трошоци за лекувањето по спроведување на постапка.

Постапката за продолжување на лекувањето во странската здравствена установа и признавањето на дополнителни трошици за лекувањето од став 2 на овој член се спроведува врз основа на:

- барање за продолжување на лекување во странство и/или признавање на дополнителни трошоци за лекувањето, кое се поднесува согласно став 1 на член 3 од овој правилник;
- предлог на странската здравствена установа за медицинската оправданост за продолжување на лекувањето како и временскиот период на продолженото лекување, со понудена цена за истото;
- потребната медицинска документација и друга документација за текот на лекувањето во странската здравствена установа и
- оценка и мислење од првостепената и второстепената лекарска комисија на Фондот за потребата од продолжување на болничкото лекување во странската здравствена установа и /или потребата од признавање на дополнителните трошоци за лекувањето.

Во случај ако странската здравствена установа на осигуреното лице навремено односно во текот на лекувањето не му ги обезбеди сите потребни документи наведени во став 3 на овој член, истото може да поднесе барање за продолжување на лекувањето како и надомест на дополнителни трошоци за лекувањето, најдоцна во рок од 6 месеци од денот на отпуштањето од странската здравствена установа.

Извештај за лекувањето

Член 20

По враќањето, а најдоцна во рок од 7 дена по завршеното лекување во странство, осигуреното лице и неговиот придружник до Фондот поднесуваат писмен извештај, со потребна медицинска и друга документација за извршеното лекување.

Извештајот од ставот 1 на овој член содржи: датум на поаѓање на осигуреното лице и неговиот придружник, датум на прием во странската здравствена установа и датум на враќање во земјата.

Со извештајот за лекувањето кое е извршено врз основа на решение на Фондот во земја со која Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување осигуреното лице ја поднесува следната документација:

- отпусно писмо и потврда за престој во болницата;
- фактура за извршените здравствени услуги;
- возни карти врз основа на кои е извршен превоз со фискални сметки за купени карти во Република Македонија или друг доказ за плаќање доколку возните карти се платени во странство, и
- друга документација.

Со извештајот за лекувањето кое е извршено врз основа на решение на Фондот и двојазичен образец од Подрачната служба на Фондот во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување, осигуреното лице ја поднесува документацијата наведена во став 3 на овој член освен фактура од странската здравствена установа.

Доколку Фондот не е во можност да изврши пресметка на трошоците за извршеното лекување во странство поради непостапување на осигуреното лице согласно став 1 на овој член на товар на осигуреното лице паѓаат дополнителните трошоци за лекувањето и задоцнувањето на исплатата на побарувањата на странската здравствена установа.

Трошоци за болничко лекување во странство

Член 21

Врз основа од извештајот и документацијата од член 20 на овој правилник, Фондот изготвува пресметка за спроведеното болничко лекување во странство.

Како трошоци за болничко лекување во странство се сметаат:

1) трошоците за извршеното болничко лекување, односно за контролен преглед во странската здравствена установа, вклучувајќи ги и трошоците за сместување и исхрана во болничката здравствена установа;

2) трошоците за превоз на осигуреното лице, односно одобрениот придружник;

3) трошоците за лекови набавени според предлогот во отпусното писмо на странската здравствена установа, неопходни за периодот до враќањето во земјата;

4) патни и дневни трошоци за стручниот придружник.

Како трошоци за болничко лекување според став 2 точка 1 на овој член се сметаат и трошоците за сместување и исхрана на одобрениот придружник на дете до 3 години возраст од член 12 став 2 на овој правилник.

Висината на трошоците за болничко лекување во странство се утврдуваат според доставената фактура.

Осигуреното лице согласно член 32 став 2 од законот учествува со лични средства во вкупните трошоци од став 2 точките 1, 2 и 3 и став 3 на овој член.

Од учество со лични средства во вкупните трошоци се ослободуваат деца со посебни потреби, според прописите за социјална заштита, согласно член 34 став 1 алинеја 2 од законот.

Својството на дете со посебни потреби осигуреното лице го докажува со решение од надлежниот Центар за социјална работа при Министерството за труд и социјална политика.

Патни трошоци

Член 22

На осигуреното лице упатено на болничко лекување во странство и на одобрениот придружник им припаѓаат патни трошоци во висина на стварните трошоци за превоз, за одење и враќање, намалени за партиципацијата утврдена во член 14 од овој правилник.

Дневни трошоци за стручен придружник

Член 23

На одобрениот стручен придружник му се исплатува дневница во висина од 100% од дневницата утврдена со прописите за највисоките износи на дневниците за службено патување во странство.

Пресметување на трошоците

Член 24

Ако пред упатување на болничко лекување во странство е исплатен аванс за одобреното болничко лекување во странство, со пресметката од член 21 на овој правилник се врши усогласување на повеќе односно помалку исплатените средства.

Разликата на средствата од став 1 на овој член се уплатува, односно исплатува најдоцна во рок од 7 дена од денот на извршената пресметка.

Ставовите 1 и 2 на овој член се однесуваат за случаи на упатување на лекување во земји со кои Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување.

Ако осигуреното лице е упатено на лекување врз основа на решение на Фондот и двојазичен образец од Подрачната служба на Фондот во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување пресметувањето на трошоците ќе се врши согласно одредбите од овој договор.

Контролен преглед

Член 25

Ако странската здравствена установа предложи контролен преглед, или конзилиумот лекари од соодветната универзитетска клиника предложи контролен преглед во странската здравствена установа во која е извршено болничкото лекување, на осигуреното лице може да му се признае контролен преглед во странската болничка установа каде било извршено лекувањето, доколку во предлогот за упатување на лекување во странство е утврдено дека тој преглед е неопходен и ако таков преглед не може да се изврши во земјата.

Постапката за остварување на правото на контролен преглед е иста како и за користење на правото на болничко лекување во странство, а се спроведува врз основа на:

- барање за контролен преглед во странство, кое се поднесува согласно став 1 на член 3 од овој правилник;
- предлог за упатување на контролен преглед во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје;
- профактура од странската здравствена установа;
- предлог на странската здравствена установа за контролен преглед;
- потребната медицинска документација и друга документација за текот на лекувањето во странската здравствена установа и
- оценка и мислење од Првостепената и Второстепената лекарска комисија на Фондот за потребата од контролен преглед во странската здравствена установа.

Постапка за склучување на договор за соработка со странска болница

Член 26

Фондот може да склучува договори за соработка за болничко лекување со странски болници за здравствени услуги кои не се извршуваат во Република Македонија.

Постапката за склучување на договор за соработка започнува со донесување на Одлука за склучување на договор за соработка.

Договори за соработка ќе се склучуваат по претходно објавена покана од страна на Фондот преку меѓународен повик.

Управниот одбор на Фондот донесува одлука со која странска болница ќе се склучи договор за соработка од редот на странски болници кои ги исполнуваат утврдените минимум критериуми и бараните дополнителни услови во меѓународниот повик.

Во договорите за соработка се уредуваат роковите за остварување на здравствените услуги кои се согласно медицината базирана на докази, начинот на плаќање на здравствените услуги, задолжителни рокови на доставување на финансиската и медицинската документација за извршеното лекување, причините и условите под кои може да се раскине договорот.

Користење на здравствени услуги во приватна здравствена установа во Република Македонија

Член 27

Доколку здравствените услуги не се вршат во јавните здравствени установи од болничката здравствена заштита, а се вршат во приватните здравствени установи во Република Македонија со кои Фондот нема склучено договор, Фондот може да склучи рамковен договор со овие здравствени установи.

Во договорот од став 1 на овој член се регулира начинот на прифаќање на услугата, начинот на плаќање, начинот на комуникација, начинот на утврдување на цената и други права и обврски.

Цената на здравствената услуга опфаќа комплетна здравствена услуга во која се вклучени здравствената услуга, медицински потрошен материјал, лекови, сместување, сместување за придружник за дете до 3 години.

Осигуреното лице при користењето на здравствени услуги во приватната здравствена установа учествува со лични средства согласно Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите.

Упатување на лекување на осигуреното лице

Член 28

Првостепената и Второстепената лекарска комисија ги разгледува сите начини предвидени со овој правилник, за избор на болница во која предлага осигуреното лице да се упати на лекување, при тоа водејќи сметка за најповолната цена.

Доколку оценката и мислењето на првостепената односно на второстепената лекарска комисија, се однесува на упатување на лекување на осигуреното лице во приватна здравствена установа во Република Македонија односно во странска болница, Фондот ќе донесе решение за упатување на лекување во приватната здравствена установа во Република Македонија односно во странската болница.

Постапката за остварување на право на лекување/контролен преглед/продолжување на лекувањето и / или признавање на дополнителни трошоци на осигуреното лице во приватна здравствена установа во Република Македонија е иста како и за користење на овие права при упатување на осигуреното лице во странска здравствена установа.

Член 29

На осигуреното лице на кое му е одобрено лекување во една странска здравствена установа или приватна здравствена установа во Република Македонија, а истото лекувањето сака да го изврши во друга установа во која трошоците се повисоки, на товар на осигуреното лице паѓа разликата во трошоците.

Осигуреното лице кое се лекувало во странска здравствена установа или приватна здравствена установа во Република Македонија, а кое не е упатено на лекување во согласност со одредбите од овој правилник нема право на надомест на трошоците од задолжителното здравствено осигурување.

Осигуреното лице на кое клиничкиот конзилиум од соодветната Универзитетската клиника во Скопје му издал предлог за упатување на лекување во странство со цел спроведување на дијагностичка постапка или контролен преглед пред извршување на болничко лекување, нема право за надомест на трошоците на товар на Фондот, согласно одредбите на овој Правилиник.

III. ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ КОИ СЕ УПАТЕНИ НА ПРИВРЕМЕНА РАБОТА ВО СТРАНСТВО И КОИ ПРИВРЕМЕНО РЕСТОЈУВААТ ВО СТРАНСТВО ПО ДРУГ ОСНОВ

Член 30

Осигуреникот кој е упатен на привремена работа во земја со која Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување може да користи здравствени услуги во истата, врз основа на двојазичен образец кој го издава подрачната служба на Фондот, каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување.

Член 31

Постапката за издавање на двојазичниот образец од член 30 на овој правилник се поведува по барање од правното, физичкото лице и државните органи (во натамошниот текст: работодавец).

Кон барањето од став 1 на овој член работодавачот поднесува:

1) решение за упатување на осигуреникот на привремена работа во странство;

2) лекарско мислење за здравствената состојба на осигуреникот што го издава здравствената установа во која се врши дејност на медицина на трудот;

3) согласност за упатување на работници на привремена работа во странство издадено од органот на управата надлежен за работните односи.

Член 32

Двојазичниот образец од член 30 на овој правилник се издава врз основа на документацијата од член 31, а по проверка на пријавата за задолжително здравствено осигурување (Образец 30-1) и потврдата за платен придонес за здравствено осигурување.

Двојазичниот образец од член 30 на овој правилник не се издава на осигуреници за кои е утврдено дека боледуваат од акутни болести или кај кои постои нарушување на здравствената состојба која бара лекување и кои боледуваат од акутни влошувања кај хронични и други болести поради кои е потребно подолготрајно лекување и лекарски надзор.

Член 33

По завршувањето на привремената работа во странство, работодавецот го известува Фондот за престанокот на привремената работа во странство.

Член 34

Ако осигуреникот или работодавецот ги платиле трошоците за лекувањето во странство, Фондот ќе ги признае стварните трошоци во обем утврден со Законот за здравственото осигурување, намалени за пропишаното учество во трошоците за лекување во странство, ако со меѓународен договор за социјално осигурување поинаку не е определено.

Член 35

Осигурените лица кои привремено престојуваат (приватно или службено, студиски престој, школување и стручно усовршување, престој во врска со меѓународна- техничка, научна и културна соработка и сл.), во земји со кои Република Македонија има склучено (превземено) договор за социјално осигурување, можат да користат бесплатна итна медицинска помош, врз основа на двојазичен образец кој го издава подрачната служба на Фондот, каде што е поднесена пријавата за задолжително здравствено осигурување.

Член 36

Постапката за издавање на двојазичниот образец од член 35 на овој правилник се поведува по барање на осигуреното лице.

Кон барањето од став 1 на овој член осигуреното лице поднесува:

1) Потврда за здравствената состојба, издадена од избраниот лекар;

2) Наод, оценка и мислење на лекарската комисија на Фондот.

Член 37

Двојазичниот образец од член 35 на овој правилник не се издава на осигурени лица за кои е утврдено дека боледуваат од акутни болести или акутни влошувања кај хронични болести.

IV. КОРИСТЕЊЕ НА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ ВО СТРАНСТВО

Член 38

Осигурените лица кои привремено престојуваат (приватно или службено патување, студиски престој, школување и стручно условршување, престој во врска меѓународна - техничка, научна и културна соработка и сл.) во земји со кои Република Македонија има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување и не ја спровеле постапката од член 36 или привремено престојуваат во земји со кои Република Македонија нема склучено (превземено) Договор за социјално осигурување, може да користат само итна медицинска помош.

Како итна медицинска помош на став 1 од овој член се смета користење на здравствени услуги кои се неопходни за отстранување на непосредна опасност по животот и здравјето на осигуреното лице, додека трае таа опасност.

Итноста на случајот од став 1 на овој член, времетраењето на итноста и здравствените услуги потребни за отстранување на непосредната опасност по животот и здравјето на осигуреното лице ја цени лекарската комисија од Подрачната служба на Фондот врз основа на медицинската документација на странската здравствена установа.

Осигуреното лице кое користи здравствена заштита во итен случај според став 1 на овој член должно е по завршувањето на итноста да се врати за да го продолжи лекувањето во земјата.

По завршувањето на итноста, може да се одобри превоз за враќање на осигуреното лице со санитетско возило во Република Македонија врз основа на оценка и мислење на лекарската комисија на подрачната служба на Фондот, а по предлог на странската здравствена установа.

Ако по завршувањето на итноста осигуреното лице не се врати навреме во земјата и го продолжи лекувањето во странство, за тој период трошоците паѓаат на товар на осигуреното лице.

Платените здравствени услуги од став 1 на овој член, Фондот ги признава во полн износ, намалени за пропишаното учество за лекување во странство, врз основа на поднесено барање од осигуреното лице.

Член 39

По исклучок во итните случаи кога не може да се примени меѓународен Договор за социјално осигурување, а осигуреното лице во странската здравствена установа се наоѓа на подолготрајно болничко лекување кое не е во можност сам да го плати и по завршување на истото да бара надомест на трошоците согласно законот и правилникот, Фондот поведува постапка за утврдување на итноста по службена должност.

По добивање на оценка и мислење од надлежната лекарска комисија од Подрачната служба на Фондот за итноста на случајот Фондот врз основа на доставена фактура од странската здравствена установа врши уплата на средствата за извршеното лекување во странство на осигуреното лице согласно одредбите на законот. Осигуреното лице пропишаното лично учество во трошоците го плаќа во странската здравствена установа.

V. ПРЕНОС НА УМРЕНО ЛИЦЕ

Член 40

Во случај на смрт на осигурено лице кое се наоѓало на лекување во странска здравствена установа одобрено со решение на Фондот, трошоците за пренос на посмртните останки на умреното лице паѓаат на товар на средствата на Фондот.

VI. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО СТРАНСТВО И ПРАВОТО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО ПРИВАТНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА

Член 41

Осигурените лица правата за користење на здравствени услуги во странство односно правото за користење на здравствени услуги во приватна здравствена установа во Република Македонија утврдени со овој правилник ги остваруваат во управна постапка во согласност со одредбите на член 31, член 31-а и 31-б од Законот за здравственото осигурување, врз основа на уредно поднесено барање комлетирано со потребна документација.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува во два идентични обрасци со еден прилог на потребната документација (докази) до подрачната служба на Фондот според местото на осигурување или до Централната служба на Фондот.

При приемот на барањето, лицето вработено во подрачната односно централната служба на Фондот, овластено за прием на барањата со потпис го потврдува приемот на вториот примерок од барањето, кој останува кај осигуреното лице, со втиснување на приемен штембил и назначување на денот и бројот на прилози кон барањето.

Член 42

Доколку Фондот не го донесе решението за остварување на право за лекување во странство или решението за остварување на право за лекување во приватна здравствена установа во Република Македонија односно не донесе решение за одбивање на барањето во законски утврдениот рок, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на законскиот рок за донесување на решението, да поднесе барање преку архивата на Фондот до директорот на Фондот за донесување на решението.

Кон барањето од став 1, барателот доставува и копија од барањето за остварување на право за лекување во странство.

Член 43

Обрасците за остварување на правата кои се предвидени со овој правилник, ги утврдува и пропишува Управниот одбор на Фондот.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 44

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на Република Македонија“ 45/2012, 159/2012 и 18/2013).

Одуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во страншво („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/2011, 53/2012 и 18/2013) донесена врз основа на член 39 од Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 105/2011, 151/2011) останува во важност и по влегување во сила на овој Правилник.

Член 45

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а се објавува по добивање на согласност од Министерот за здравство.

Бр.02-6210/12
10 мај 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2013 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2013088